СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 април 1996 година

Скопје, април 1996 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 43 ( ЧЕТИРИЕСЕТ И ТРЕТАТА ) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 17.IV. 1996 г.**

Дискутанти:

1. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 27, 31, 41, 42, 46, 52, 137
2. АБДИ ФАИК - 28, 37, 90, 93.
3. АРСОВСКИ БРАНКО - 30, 39
4. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 43
5. БОЈКОВ ИВАН - 86, 90.
6. ДАНКУЛОВСКИ ЖИВКО - 97,100
7. КОВАЧЕВСКИ СТОЈАН - 52
8. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 35
9. КАРОВ ИЛИЈА - 132, 134.
10. ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 62
11. МИХАЈЛОВСКИ БРАНИРОД - 100
12. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 72, 77, 89
13. НАСЕВ ПАНЧЕ - 108
14. НАУМОВСКИ СИМЕОН - 111.
15. НИКОЛОВСКИ ДУШАН -128
16. ЉУМА ИЛИР - 61
17. ОСМАНИ РУФИ - 20, 36, 39, 41, 47, 48, 55, 56.
18. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1, 5... ( води седница )
19. ПАУНОВ ТЕОДОСИЈА - 134
20. ПАРАЌЕОВ НИКОЛА - 6, 8, 9, 10, 11, 12, 14, 15, 16, 17.
21. ПОПОВСКИ Г, НИКОЛА - 45
22. РАМАДАНИ ХИСЕН - 31, 33
23. СТОЈАНОВСКИ ПЕЦЕ - 115, 117
24. СТОЈКОВСКИ ЗДРАВКО - 104
25. СРБИНОВСКИ ЈОВАН - 94
26. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 64
27. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 23, 24, 48
28. СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈ - 69
29. ТРАЈАНОВСКИ ПЕТРЕ - 2, 10, 12, 14
30. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 7
31. ТЕМЕЛКОВСКИ ЗОРЕ - 82, 85
32. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 122, 126
33. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 45
34. ФИТИ ТАКИ - 19, 34, 53, 55, 56, 138.
35. ЧИФЛИГАНЕЦ ВАНЧО - 118
36. ШАЌИРИ ХИСНИ - 50,51,54.

Дневен ред:

Точка 3 стр.1 - Закон за ловство
Точка 4 стр.18 з.за 21 конгрес на Светскиот поштански сојуз.
Точка 5 стр.20- администр.такси
Точка 6 стр.58
Точка 7 стр.61
Точка 8.стр.62-Нацрт закон за Царинска тарифа.
Точка 9 стр.142
Точка 10 стр.143

К Р А Ј

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од прво продолжение на Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 април 1996 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Исмет Рамадани, Благој Стефановски, Нано Ружин, Драгољуб Поповиќ, Слободан Богдановски, Благоја Силјаноски, Алил Џаферовски, Ратка Куљан - Зоографска, Атанас Вангелов, Зоран Шапуриќ, Стојан Андов, Николина Трајановска, Владимир Соколовски, Славе Наумовски и Наум Симјановски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницава.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **точката 3** - Предлог на закон за ловство.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Трајановски.

I/2 СС/СЛ

**ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Го поддржувам Предлогот на законот за ловство од причини што скоро сите забелешки што беа ставени на Нацрт на законот за ловство од страна на работните тела на Собранието, како и дел од забелешките на Ловечкиот сојуз на Македонија, а исто така и моите забелешки што ги имав по Нацртот, според тоа го поддржувам овој закон.

Но, тоа не значи дека и немам по Предлогот на законот свои забелешки на кои имам амандмански интервенирано. За тоа по- доцна кога ќе стане за нив збор.

Според Уставот на РМ дивечот претставува природно богатство од поширок интерес и ужива посебна законска заштита. Во членот 1 од Предлогот на законот за ловство под овој термин се подразбира, одгледување, размножување, заштита, ловење и користење на дивечот. Поаѓајќи од одредбите на овој закон како и од другите членови во Предлогот на законот за ловство, за прв пат од постоење на нашава држава се настојува оваа дејност да добие и стопански карактер.

Ваквата определба на предлагачот е сосема во ред и е во согласност со процесите на транзицијата на нашите општествено-економски односи. Се поставува прашањето дали дадените законски решенија ќе бидат доволни сегашната лоша состојба во ловството во Р1 да се надмине? Секој закон од било која област, па и овој, доколку е реално остварлив, јас ќе кажам практично применлив е добар, а особено ако во него се санкционирани сите девијантни и недозволени дејствија.

I/3.-

Во овој однос Предлогот на законот за ловство во најголем дел е прагматичен к дава гаранција дека ќе се создадат услови ловството во нашава Република да се подигне на повисок степен на организираност. При тоа мора да се нагласи дека примарна цел на овој закон е заштита на дивечот, а со тоа дивечот да биде стабилен член на животната средина во нашата Република.

Ако појдеме од одредбите во член 4 од Предлогот на законот каде се наброени видовите на дивеч, може да се констатира дека во списокот се внесени речиси сите водиви од дивата фауна во РМ, а се предмет на ловството. Притоа сакам да истакнам дека во овој список не се вклучени некои видови, кои според стариот закон за ловството беа прогласени за дивеч. Меѓутоа овој недостаток не е од суштинско значење и не треба да претставува пречка за негово донесување, бидејќи некои од овие видови, според членот 86 може да бидат издвоени од ловниот дивеч и да бидат прогласени како полезни животни за земјоделието и шумарството.

Во категоријата на дивеч под трајна заштита во чл.15 се внесени сите видови чиј опстанок не само во нашата земја, туку и пошироко во Европа се загрозени или се наоѓаат на прагот на исчезнувањето. Тоа укажува дека со овој закон се респектирани одредбите на одредени меѓународни конвенции за заштита на европскиот жив свет и жителите на природата, донесени од Советот на Европа. Но, за жал некои од овие конвенции се уште не се ратификувани во нашата држава.

Што се однесува до пропишаниот ловостој, член 14, за видовите под заштита, можам да истакнам дека предлагачот на законот за ловство ги имал биоеколошките карактеристики на видовите како и временските услови во нашата Република.

I/4.-

Забележливо е срната како најброен и најперспективен вид на крупен дивеч во РМ е ставен во категоријата на трајно заштитен дивеч. Треба да процениме дали оваквата законска определба одговара на реалноста или пак овој вид треба да се стави во категоријата на дивеч под ловостој. Дотолку повеќе што срната во изминативе 50-тина години секогаш била под трајна заштита, а ефектите од оваа мерка речиси се никакви. Внесувањето на срната во дивеч под ловостој ќе придонесе досегашниот криволов и неконтролираниот отстрел да се сведе на најмала можна мера. Тоа фактички ќе придонесе и кон задолжително планирање на нејзиниот отстрел , а со тоа и кон зголемување на нејзината вкупна популација во РМ. Секако дека можноста за криволов до крај не може да биде елиминирана не само на срснскиот туку и на другиот вид на дивеч.

Во Предлогот на законот за ловство, поглавието каде се обработуваат концесијата, членовите од 36 до 43 е пропуштена можност да се здобие со предимство во користење на дивечот, правните лица што стопанисуваат со земјиштето на кое што живее дивечот. Тоа се воглавном шумско - стопанските и земјоделски организации што стопанисуваат со 1 милион хектари шумско - земјоделско земјиште. Притоа мора да се има предвид дека шумските еко - системи и дивечот се неделива целина. Стопанисувачот треба да биде една организација што истовремено е задолжена да врши усогласување помеѓу шумско - стопанските односно земјоделски активности со потребите на ловството.

Утврдените критериуми во Предлогот на законот за ловство за издвојување ловишта за крупен и ситен дивеч се квалитетно одредени и одговараат на потребите на современото ловство. Ваквото издвојување на ловиштата за крупен и ситен дивеч е сосема во ред бидејќи

одгледувањето и начинот на искористувањето и целите на стопанисувањето кај овие две категории на дивеч се различни. Досегашната, пракса при изготвување на ловостопанските основи покажа дека има големи недостатоци, бидејќи овие долгорочни планови можеше да ги изработува секој без оглед на неговата стручност.

За да се отстранат овие недостатоци потребно е во членот 45 да се прецизира кој и под какви услови може да изработува ловостопански основи, дотолку повеќе што врз основа на нив ќе се утврдуваат годишниот надоместок предвиден со членот 41 како приход на Буџетот на РМ.

Прашањето за полагање на ловечки испити е регулирано на начин со кој во целост ќе бидат елиминирани досегашните импровизации и нестручност при изведување на овој чин.

Конечно можам да заклучам дека предложениот закон за ловство во основа ги решава сите прашања сврзани со одгледувањето, заштитата и искористувањето на дивечот и тоа на ниво што одговара на најсуптилните европски норми од оваа област.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 3, член 6 став 2, член 38 став 2, член 41 став 2, за менување на член 59, член 77 став 1, за бришење на точка 8, член 78 став 1, за бришење на точките 3 и 16 и на точка 25 и на член 79 став 1 точка 4, 15 и 21 и за бришење на точка 22.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе амандмани на член 6 за додавање два нови става 3 и 4 по став 2, член 33 и член 59 став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Петре Трајановски поднесе амандмани на член 4, член 14 став 1, за додавање две нови алинеи по алинеја 4, член 14 став 1, алинеја 7 и 8 и член 15, член 35, член 38 став 3, член 45 став 2 и за додавање нов став 3, член 46 и на член 47 за додавање нов став 3 по став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Слободан Најдовски поднесе амандман на член 37 за додавање точка 4 по точка 3 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделие г-дин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од пратеникот Петре Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделие г-дин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

И овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделие г-дин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? Има збор г-дин Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, Сметам дека не прифаќањето на член 6 односно амандманот на тој член, во тој член се исфрла уште една асоцијација која давања виден придонес во развојот на ловството и ловот како стопанска гранка. Би молел, затоа што само е додатокот дека треба да стои покрај Министерството за шумарство, водостопанство и земјоделие да стои и Ловечкиот сојуз на Македонија. Сметам дека не е голема причина што тоа не го прифаќа Владата. Не знам од кои предрасуди.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(20 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 став 2 , поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за додавање два нови става 3 и 4 по став 2 поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделие г-дин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

И овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(19 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 за додавање два нови става 3 и 4 по став 2 поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 1 за додавање две нови алинеи по алинејата 4 поднесен од пратеникот Петре Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделие г-дин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(12 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 14 став 1 за додавање две нови алинеи по алинејата 4, поднесен од пратеникот Петре Трајановски.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 1, алинеја 7 и 8, поднесен од пратеникот Петре Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделие г-дин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Овој амандман редакциски се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 15 поднесен од пратеникот Петре Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделие г-дин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Трајановски.

I/10.-

**ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Овој амандман е во врска со претходниот , на член 14. Бидејќи тој не се усвои овој го повлекувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам, амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 33 поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделие г-дин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(10 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 33, поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Отворам претрес по амандманот на член 35 поднесен од пратеникот Петре Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделие г-дин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Амандманот се прифаќа, мислам се однесува на член 36, а не 35. Амандманот се прифаќа.

I/11.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 37 за додавање точка 4 по точката 3, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделие г-дин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 38 став 2, поднесе* од ЗПК.

Со овој амандманот се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделие г-дин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(8 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 38 став 2, поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 38 став 3, под- несен од пратеникот Петре Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделие г-дин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Не се прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Трајановски.

**ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Сметам дека овој амандман треба да биде прифатен од причина што во членот 3 8 гласи дека при еднакви услови предност има право лице кое во последните три години вршело дејност од областа на ловството.

Сметам дека треба да стои тука - при еднакви услови предност има правно лице кое стопанисува со земјиштето и водите, затоа што овде се јавува едни да стопанисуваат со едно, други да стопанисуваат со друго. На една иста површина двајца газди.

Понатаму, ако стои вака како што е , во последниве три години вршел дејност ловство, можел да врши ловство во последните три години, но сега може да не ги исполнува условите со овој закон. Велиме дека сега по овој амандман да има вработено стручни лица итн Мислам дека и поради усогласување на работите во земјоделието и шумарството на една иста површина се јавуваат истовремено двајца сопственици.

I/13.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(16 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот член 38 став 3 поднесен од пратеникот Петре Трајановски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 41 став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Никола Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Седумнаесет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 41 став 2 поднесен од Законодавно правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 45 став 2 и за додавање на нов став 3, поднесен од пратеникот Петре Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Никола Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

Има збор г-динот Трајановски.

**ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Се работи за следново. Општите ловностопански основи ги донесува Владата на РМ. Од општата ловностопанска основа произлегуваат посебните. Овде како што стои, ги донесува

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Мојот предлог е посебните ловностопански основи да ги донесува корисникот на ловиштето а ги одобрува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Овде министерството и ќе ги донесува и само ќе ги контролира.

Понатаму, за да се направи ова, во Републикава сигурно има околу триста ловишта и околу 6 милиони марки се потребни средства да ги обезбеди Владата на РМ за да ги донесе тие ловностопански основи, а додавањето на третиот став се однесува на тоа да се знае кој ги донесува основите. Сега може секој да донесува ловоностопанска основа, да изработува, и стручњак по ловство, правници, економисти и тн. Ставот се додава само за да се допрецизира кој ќе ги донесува. Пак се враќам на првичниот став дека Министерството може да ги одобрува, корисникот ги донесува ловностопанските основи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Дваесет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 45 став 2 и за додавање на нов став 3 поднесен од пратеникот Петре Трајановски.

Отворам претрес по амандманот на член 46, поднесен од пратеникот Петре Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Никола Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 47 за додавање нов став 3 по став 2 , поднесен од пратеникот Петре Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Никола Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

И овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам

Отворам претрес по амандманот за менување на член 59, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Никола Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

И овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 59 став 1 поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Никола Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Не се прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

II/4

Десет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 59 став 1 поднесен од комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Отворам претрес по амандманот на член 77 став 1 за бришење на точка 8, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Никола Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 78 став 1 за бришење на точките 3 и 16 и на точка 25 , поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Никола Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 7 9 став 1 точка 4 , 15 и за бришење на точка 22 поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата Г

о молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Никола Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

И овој амандман се прифаќа.

II/5

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

65 пратеници гласаа за. Д

али има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ловство.

Преминуваме на **Четвртата точка** - предлог за донесување на закон за ратификација на завршните документи на Дваесет и првиот конгрес на Светскиот поштенски сојуз, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на законот за ратификација на завршните документи на дваесет и првиот конгрес на светскиот поштенски сојуз.

Кој е за, молам да крене рака.

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање ? (Никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака.

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на овца седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес со предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Законодавно правната комисија поднесе амандман за менување на член 2.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2 , поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Владата се согласува, го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

69 пратеници гласаа за.

II/7

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на завршните документите на 21-от конгрес на Светскиот поштенски сојуз.

Преминуваме на **5-тата точка** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административни такси, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани присутни во салата, јас ќе бидам краток за овој за- кон, имајќи предвид дека по законот за царинските тарифи сигурно ќе се направи голема галама, јас се одлучив денес начелно да дискутирам за овој закон, кој исто така е битен закон и кој исто така не нуди ништо ново во однос на она што оваа Влада во континуитет го нуди, значи и во овој закон нуди оптоварување на граѓанството и стопанството за 300% и повеќе по одредени ставки.

Една мала дегресија на почетокот. Во образложението на овој закон погрешно од страна на предлагачот се констатира дека наводно инфлацијата предизвикувала зголемување на трошоците, па како последица на тоа денес го имаме овој предлог за зголемување на таксите. Не, господа, инфлацијата предизвикува обезбвреднување на вредностите на услугите односно намалување на приходите, а намалувањето на приходите не е исто што е зголемување на трошоците. Тоа е како дигресија.

Инаку, што се однесува до предложениот текст на законот, при моето аналитичко проучување на овој текст на законот излегуваат следните неконзистентности кои се вградени во предлогот за зголемување.

1. Предложеното зголемување на одредени такси ја надминува инфлацијата повеќекратно, додека пак ако предлогот се спореди со порастот на цени на индустриски производи, што како показател претставува во некоја смисла инфлација во стопанството, тој податок изнесува 240% за овој временски период на кој се повикува предлагачот при зголемување на овој предлог, односно дефакто предлага номинално 60% поголеми такси во однос на порастот на цени на индустриски производи.

2. Антиципирањето на предвидената инфлација за 1996 година, претставува преседан од прв ред, бидејќи истата може да се реализира дури на крајот на годината, додека пак со ваквото антиципирање на почетокот на годината, на крајот на истата ќе имаме најмалку двојно поголеми финансиски ефекти, а сето тоа сигурно ќе треба да падне на грбот на стопанството и граѓанството.

3. Предлагачот предлага зголемување на таксите и кај износите кои се определени во УСА-долари, освен во еден случај, додека во образложението воопшто не го образлага овој пораст. Сега испаѓа дека и кај тврдите валути имаме инфлација. На прв поглед ваквото зголемување изгледа анахроно бидејќи американскиот долар не е обезвреднет дејуре, но со овој потез оваа Влада признава дека дефакто денарот има вештачки стабилен и реален курс, курс кој ги прави конвертибилните валути многу поевтини, а со тоа и со многу помала куповна моќ во внатрешниот пазар на РМ и токму во тоа лежи причината за ваквото предложено зголемување.

4. Предложеното зголемување е едноставно неприфатливо и од причина што реалните примања на граѓаните и реалните приходи на правните лица покажувале спротивна тенденција на реално намалување, односно предлагачот не го зема предвид овој факт и фактот што

висината на овие приходи зависи исклучиво од успешноста на правните лица и на реалните примања на граѓаните и за истите не постои законски механизам за индексирано зголемување.

5. Предлагачот не презентира компаративни податоци за висината на административните такси од земји со економски развој и стандард сличен на Македонија или пак од развиените земји за да може преку компаративна анализа да се оправда предлогот или истиот се оспори.

6. Со предлогот се воведуваат нови административни такси, како што е случајот со тарифниот број 13 и тоа со номинална тежина од 100 германски марки до 500 германски марки или тарифен број 19 и други административни такси, факт кои ниту се образлага ниту постојат реални потреби за воведување на истите.

7. Предложеното намалување на таксата за државјанство од 500 американски долари на 250 долари е недоволно. Со овој предлог законодавецот ја признава грешката при првобитното утврдување на истата, бидејќи досегашните финансиски ефекти се симболични, додека пак токму причинето од овој износ трагедијата на овие граѓани кои се апатриди продолжува и натаму. Предложениот износ од 250 долари ќе претставува пак голем товар за оваа категорија граѓани кои во најголем број случаи се социјално загрозени лица и без реална моќ за плаќање на оваа такса.

Ако се земат предвид предложените укажувања од оваа дискусија, предложеното зголемување на овие такси треба да биде во висина на порастот на цени на индустриските производи, намалена за реалниот пад на личните примања и реалниот пад на општествениот производ, што математички ќе значи зголемување во просек номинално за 200%, а не како што предлага предлагачот за над 300 и повеќе проценти. Сигурно ќе се согласите дека 100% зголемени такси во ситуација кога воопшто немаме инфлација скоро три го дини е нешто што никој сигурно вака со ќеф не би го прифатил да ги плат овие зголемени такси.

II/10

Предлагам предлагачот да го повлече предлогот и истиот го ревидира, земајќи ги предвид изнесените факти и да предложи нов предлог со реално подносливо зголемување на административните такси. Во спротивно, ќе продолжи тенденцијата на натамошно оптоварување на економијата и осиромашувањето на граѓанството спротивно на зацртаните цели на оваа Влада со макроекономската политика за оваа година.

На крајот еден конкретен предлог до предлагачот на законот.

Предложете во најскоро време измена и дополнување на овој закон со следната содржина:

Висината на административните такси ќе се коригира со индексот на пораст на цени на мало или со индексот на пораст на цени на индустриски производи.

Со ваквата формулација во законот ќе вградите механизам за ревалоризација на таксите и не ќе има потреба некому да му текне после три години да предложи зголемување на овие такси со над 300 и повеќе проценти.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Владимир Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувана дамо и господа во клупите на министрите, господинот Руфи кажа многу нешто што сакав јас да кажам, обично така се користиме , но ќе ги потенцирам позначајните работи со кои не се согласувам јас и мојата партија во врска со овој закон.

Прво како почеток би кажал дека административните такси не следат од раѓањето до смртта. Ако го погледнеме добро материјалот, ќе видиме дека во сите сфери на животот таксите се дел на нашиот живот. Во некои земји, во поголемиот број на земји, таксите се еден од битните фактори во одредување на стандардот на животот и одредување на луѓето дали ќе живеат на една страна на државата или во друга држава.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВ(ЖИ**( продолжение)

Кај нас ова зголемување во Прегледот, во Законот што е дадено е дадено на еден многу непопуларен начин. Дадени се само стапките кои се предлагаат. Значи, не се дадени и стапките кои и досега се на некој начин во важност. Со тоа се губи видот и обемот на зголемување на таксите. Меѓутоа, ако подетално го гледаме материјалот, ќе видиме дека зголемувањето е не за 2,3 пати, како што е во образложението напишано, да би се прикрило, навистина, големото зголемување, туку е 200 до 300 пати. На некои позиции можеби 500, на некои 800 пати. Јас мислам дека тоа зголемување не е воопшто занемарливо ако имаме предвид дека, фактички, нашите примања, примањата на граѓаните и воопшто времето во кое живееме е такво што никад немаме зголемување на платите или било какви примања. Заради тоа овој Предлог на закон го оценувам како многу непопуларен, бидејќи директно атакува врз животниот стандард на секој наш граѓанин и му го одзема правото за некои свои права да си ги користи своите права. Јас не би сакал да го читам делот од образложението, меѓутоа, ќе ви кажам дека тука, на страна број 2 во образложението се вели вака: "Со предложената измена на тарифа административните такси во основа зголемувањето на административните такси во однос на постојните би изнесувало околу 3 пати". Јас тоа го реков, значи, зголемувањето е многу поголемо, апсолутно. Бидејќи сето ова влијае на голем дел од нашите сограѓани на стандардот, мислам дека овој текст и овој Закон сметам, исто така, дека треба да се задржи додека не овозможиме раст на животниот стандард и тогаш да почнеме со зголемување на таксите и да го донесеме овој закон.

III/2.-

Го делам мислењето на сите вас , а во име на Либерална партија и во свое лично име нема да гласам за овој предлог на закон доколку биде на усвојување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за административните такси.

Кој е за, молам, да крене рака?

49 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (11 пратеници гласаа против)

Дали некој се воздржува од гласање? (7 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен,

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон,.

Кој е за, молам да крене рака?

48 пратеници се за.

Дали има некој против?

9 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

5 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон

Молам кој бара збор? (никој)

III/3.-

Бидејќи никој не бара збор , го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 4 во тарифниот број 4, точка 1, со кој не се согласи претставник на Владата.

Пратеникот Газменд Ајдарага, поднесе амандман на член 4 во тарифниот број 4, точка 1 по кој не се произнела Владата.

Пратеникот Мевљан Таири поднесе амандман на член 4, во тарифниот број 4, во забелешката за додавање став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Рами Туда, поднесе амандмани на член 4, во тарифниот број 4, точка 1 и 2 , член 4 во тарифниот број 13, став 2 точките 1,2,3,4,5,6 и 7 и на член 4 во тарифниот број 114, став 1, точка 1, 2,3,4,5,6,7 и 8 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Кирил Спасовски поднесе амандман на член 4 за менување на тарифниот број 31 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4, во тарифниот број 4, точка 1, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Додуше, Владата не го прифати.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (6 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4, во тарифниот број 4, точка 1 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Отворам претрес по амандманот на член 4, во тарифниот број 4, точка 1 поднесен од пратеникот Газменд Ајдарага.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Таки Фити

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа од простата причина што вакво право и вакво такса постоеше во РМ од 50 долари и тоа право го искористија околу 97 илјади граѓани во текот на 1993 година.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ајдарага

**ГЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници, почитувани министри,

Од она што во објаснувањето по оваа точка даде претседателот на Собранието кога изнесе толку амандмани и кој поднесува амандмани по однос на овој закон, односно посебно по однос на овој тарифен број, мислам дека може да се добие крив впечаток дека за ова се борат само албанците. Ова го кажувам од причина што проблемот нема таксите за добивање на државјанство не е проблем само на албанците. И мислам дека треба да бидеме свесни за ова прашање да бидеме внимателни и да одлучуваме правилно. Уште повеќе ако се знае освен албанците за државјанство се борат и многу наши други наши граѓани. Од овој аспект мислам дека држи амандманот да биде при- фатен. Мислам дека Владата не треба да се плаши и не станало на буџетот на Републиката да се на овој начин полни, бидејќи има доста начини, доста можност да се тој буџети преку ова Собрание видовме во образложението односно дискусијата што беше дадена од г-динот Руфи Османи дека на многу позиции административни такси се зголемува и од таа причина мислам

дека нема место да дозволиме ние ваква работа да преку тоа граѓаните преку плаќање на 250 долари да се здобиваат со државјанство. Мислам дека еден таков апсурд не би било добро да дозволуваме, уште повеќе ако е знаеме економската состојба на нашите граѓани. Ако правиме анализа на граѓаните кој што бараат државјанство, тогаш ќе дојдеме до едно големо сознание за нивната тешка економска состојба. Тоа се воглавно лица кои што немаат можности да егзистираат . И од тие причини предлагам мислам дека ќе бидам разбран дека реков дека не зборувам само во име на албнаците, да овој амандман биде прифатен. –

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

Дали некој друг бара збор?
Има збор г-дин Абди Фаик

**АБДИ ФАИК:**

Другар претседателе, дами и господа пратеници, Секако со овој Закон државата односно нашата Влада би направила есап колку приходи ќе има во Буџетот или дали е тоа нешто повеќе, нешто помалку и нешто попустливо итн. меѓутоа јас излегов овде да зборувам за тоа што на неколку наврати сум поставувал прашање до Владата за промена на токму оваа ставка за здобивање на граѓаните на РМ односно на неграѓаните а кои што живеат овде, кои што за време на она време кога требаше да се осамотиме, не ги прашувавме никого народ не се прашаше дали е државјанин или не е државјанин, него дали живее овде, дали е во Македонија, сите гласаа за самостојна суверена независна Република Македонија, и тоа е добро што така гласа, но после тоа по донесувањето на законот за државјанство овде беше присутен и една

друга партија која што рече: ние кога ќе дојдеме на власт после 30 години тие ќе бидат државјани на Република Македонија.

Понатаму, во Законот што се нуди, односно преѓешниот закон човек кој што не е државјанин на РМ, за да биде државјанин треба да има"икс" работи решени да не зависи од државата, да има стан, да има обезбедено приходи итн, итн, и 500 долари такса. Сега се предлага 250 долари што значи 100% помалку, меѓутоа ние имаме граѓани во Република Македонија- народ, жители да не ги речам дека не се државјани кои што многу лошо поминуваат, лошо се одразува нивната материјална состојба, социјално материјална состојба она што они не можат да бидат државјани на Република Македонија. Наиме, предлогот од 50 долари на г-динот Газменд Ајдарага, мислам дека е сосема наместо и нашава држава РМ нема во никој случај да се осиромаши ако за здобивање со државјанство граѓанинот плака такса 50 долари односно противдинарска вредност не знам тоа колку чини, без разлика на состојбата имотно состојба на граѓанинот, тој сигурно има од каде да живее итн. но, сакам да речам дека сме многу не правни неправдини нанесуваме на луѓето во она време во кое живеевме во Бивша Југославија, не по вина на луѓето, од Словенија па до Македонија до Триглав од Тргиглав па до Гевгелија, секој можеше да живее каде сака , колку сака да се исели, да дојди итн. луѓе останаа овде во Пелагонија со 40 години стаж, па стекнување право на пензија, но не се државјани. Јас овде реков еднаш, еден човек пензионер рече: "ако јас имам 500 долари бабичката ми умре - ќе се оженам" за да добијам државјанство, овие се негови зборови - повторно ги повторувам, па според тоа би ве молем сите колеги пратеници да го сфатите многу сериозно ова прашање, зашто има една работа која не треба да ја заборавме. Ако сите тие што живеат во РМ заради сувереноста, независноста ги организиравме масите да дигаат рака на референдум да се изјаснат за самостојна

Република Македонија, мислам дека имаат право тие, а наша должност е на Собранието да направиме било што, да направиме напор да може они да си бидат државјани во земјата каде што живеат, да не бидат странци во своја земја.

Јас би молем да се прифати амандманот на г-динот Газменд Ајдарага и се приклучувам по него.

- благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Бранко Арсовски

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Бидејќи работам во таа област и најнормално е да го поддржам овој Амандман, меѓутоа, не од аспект на солидарност, него од аспект од објективност.

Морам да признам дека имајќи го предвид тие контакти со граѓаните на РМ а посебно во подрачјето во кое јас работам и живеам, можам да потенцирам следното: дека еден дел, еден поголем дел од граѓани, се дојдени во позиција да не можат да пристанат ни за социјални права во рамките за работни односи - социјалната програма итн. само заради тоа што го нема статусот на државјанство дал еден од неговите членови на семејството. Верувајте дека не се работи нити за национално обележје, нити се работи за некој друг вид обележје, се работи за материјалниот аспект на тој граѓанин кој бара државјанство. Досега се покажа. Оние 500 долари беа голема пречка граѓаните во РМ да поведат постапка тоа е многу битно, значи тие не поведоа постапка иако во најголемиот дел ги исполнуваат сите услови според Законот за државјанство, и во таа насока лично предлагам бидејќи не верувам дека државата собирање на еден дел средства од најзагрозеното население каде јас ви тврдам дека сето тоа население оди во центрите за социјална

III/8.-

работа, бара еднократни помошти со единствена цел да ги подмири обврските спрема државата, односно 500 долари. Испаѓа дека државата му дава еднократна парична помош, да вледат во Фондот на државата за да ги подмирува другите обврски. Така едно за друго. Искрено да ви кажам го поддржувам овој амандман и тој многу позитивно ќе влијае на самите граѓани за да го остварат правото на граѓанството, односно државјанството и во тој однос ќе би овозможи на овие граѓани да си ги остваруваат сите граѓански права во рамките на Уставот и на другите позитивни законски прописи.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Пред малку кога бев на говорницата испуштив уште нешто да кажам, а тоа е следното:

На двајца граѓани од мојата изборна единица им е решено прашањето за да го примат државјанството. Меѓутоа не се во состојба да ги платат парите од економски причини и видите во ваква состојба се наоѓаме. Дали не е ова доволно аргумент да можеме така да одлучуваме.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Хисен Рамадани:

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги,

Мислам дека е проблемот познат и не би сега во оваа прилика требало да ја елаборираме целата проблематика околу тоа. Меѓутоа,

сите сме свесни дека овој феномен со таксите, како што беше овде изнесено, јас мислам дека Руфи даде добра анализа, можеби имаше потреба од едно поелаборирано, така да кажам да се проучат состојбите Дали сакаме низ административите такси да обезбедиме нормална состојба на покривање на трошоците, што предизвикуваат самите процедури при издавање на документите во врска со барањата и потребите на граѓаните или плус тоа државата сака во оваа прилика да искористи можност и за некоја си, условно да кажам, немам друг збор сега, профитабилност.

IV/1 ДВ/НД

**ХИСЕН РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Така треба да се гледа целата ова проблематика да би оваа облигателност на граѓаните„.била заснована на некој принцип.

Што, дефакто, плаќаат граѓаните во процесот на оддолжувањето со административните такси. Трудот што се вложува од страна на административните органи и нивното чинење, или плус, да кажам одржување на државните органи кои работат на тоа. Мислам дека целата процедура и образложението што ни се дава, требаше да се заснова на, некојси принципи општо познати.

Во рамките на тоа би сакал да кажам за проблематиката врзана за самата тема што ја покрена господинот Ајдарага, односно таксата за државјанство.

Што всушност ние сакаме со таа такса. Да го убрзаме или да го успориме процесот на заокружување на стекнување на државјанството на сите граѓани што се нашле тука, биле родени и оние што го стекнуваат по други основи. што сакаме со тоа, или сакаме на база на ова, бидејќи е тоа елементарна потреба на човекот, да профитираме. Мислам дека ова другото за оваа ситуација не ни треба. Ние сме држава во процес на заокружување и треба ова проблематика да ја разрешиме така, сите наши граѓани да се здобијат со елементарни граѓански права, а тоа треба да се олесни и преку таксата која се плаќа. Јас мислам господинот Арсовски има право кога кажа дека луѓето веќе се устручаваат да поднесат документи, иако располага со сите елементи и право тоа да го оствари односно стекне и легитимно односно формално. Затоа мислам дека треба да се поддржи предлогот на Ајдарага, таа такса да биде таква, граѓаните да бидат спремни и да бидат во можност да поднесат барање и да го остварат тоа.

IV/2

**ТАКИ ФИТИ:**

Повеќе пратеници имаат амандмани со иста или слична содржина, па еве би сакал да кажам уште неколку аргументи кои би требало да се имаат предвид.^

Прво, сакам да кажам дека Владата, навистина комплексно и сериозно го разгледа ова прашање, бидејќи прашањето очигледно е тешко и навлегува и во социјалната сфера и тн. Сето тоа бараше и подетална елаборација за да се дојде до некое решение што би било прифатливо.

Сите вие знаете дека едно време постоеше такса од 500 долари што навистина, тоа е оценка и на Владата и јас лично мислам дека беше превисока. За жал една дискриминација на граѓаните по тие различни основи веќе е направена, бидејќи 6 илјади граѓани платиле по 500 долари. Сега во основа имаме уште 3000 побарувања граѓани со нерешен статус на државјанство и тие треба да ги решиме, а од друга страна имаше и преодно решение, бидејќи тоа е процедура која трае релативно долг временски период и мора да го имаме во вид, исто така и фактот што еден голем дел од граѓаните, 97.000 граѓани го искористиле тој преоден период и тоа преодно решение, што за нив било, сепак, извонредно поволно односно било ова што сега се бара да биде 50 долари. Тогаш беше 50 долари и 97000 граѓани платиле по 50 долари, 6000 граѓани кои поднеле барања платиле по 500 долари и сега ни остануваат уште 3000 нерешени.

Владата отиде на ова решение, еве да речеме 250 долари како некакво средно решение, меѓу другото почитувајќи го и фактот дека оваа проблематика скоро на идентичен начин со 250 долари е разрешена и во поранешните југословенски републики и кога баравме компарација да видиме што е тоа реално, бидејќи сепак ова е веќе еден долг временски период поминат кога не е решено тоа прашање, ние се одлучивме на 250 долари. Значи тоа е соодветно решение со состојбата во другите екс

југословенски републики. Тоа беа аргументите што застанавме на 250 долари.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Го користам деловничкото право да кажам дека ќе го поддржам во гласањето овој амандман од следните причини, затоа што сметам дека таксата што треба да се плати по овој основ треба да биде реална. Во случајов мене не ми е јасно дали Владата оваа такса ја има утврдено на 250 долари, затоа што административните трошоци што во вид на хартија или потрошен труд на вработените во државната администрација ќе ги вложат за таа вредност во времето кога ќе ги стекнат сите сознанија дали некој заслужува или не да добие државјанство или пак што се вели народски оваа вредност ставена од гутуре за да делува дестимулативно, затоа што е факт дека еден добар дел од граѓаните на Република Македонија, јас во тоа и лично ве уверувам од контактите што ги имам со одреден број на граѓани дека е така, не се во состојба да се стекнат со државјанство затоа што не се во можност да ги платат тие средства што државата ги бара од нив. Ако се работи за компаративно уредување на вредноста мислам дека таа вредност не е реална, затоа што државната управа преку другите законски механизми кои се предвидени со соодветниот закон треба да се грижи да добијат државјанство оние граѓани на Република Македонија без оглед на нивната национална припадност што ги исполнуваат условите предвидени во Законот за стекнување на државјанство, а вредноста треба да биде реална за да може и оние граѓани на РМ кои се технолошки вишок, социјални случаеви и слично, да можат да се стекнат со државјанство за да не се доведат во позиција да бидат дискриминирани и како граѓани на РМ да им бидат ускратени одредени права што се гарантирани со Уставот на државата.

IV/4

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас се одлучува да кажам неколку зборови по повод овој амандман, што значи дека правото да говорам по амандманот поднесен од нашата пратеничка група, сигурно нема да го искористам водејќи нормално сметка за вашето трпение.

Ако одиме од една елементарна претпоставка дека токму социјалдемократите по партиска програма се должни да го поддржат овој амандман, мислам тие ќе го направат тоа бидејќи во суштина нивната програма е социјалата, а токму овој амандман го цени тоа. Значи да им се помогне на социјално загрозените граѓани на РМ кои дефакто, во закони што ги донесле претходниот парламент, што нема намера да ги менува овој Парламент, се доведени во состојба да бидат социјално загрозени, апатридни граѓани.

Во ова прилика јас мислам дека констатацијата на господинот Арсовски не е точна, бидејќи токму немањето статус на државјанство не им дозволува на овие граѓани да користат разни привилегии или социјална помош. Во таа смисла значи и ова што тие сигурно би го користеле, во овој случај се оневозможени. Има голем број на случаеви кога луѓето го губат и работното место токму од оваа причина, бидејќи не се во состојба да ја платат оваа такса, и дополнително стануваат социјални случаеви мимо фактот што имаат поголем работен стаж, стаж од 20 или 30 години. Ова како тенденција и во стопанството, а особено е изразена во образованието.

Мислам дека и господинот министер ќе се согласи дека нивната комплексна анализа во однос на предлогот не го дава тој впечаток дека, навистина комплексно е анализирано, бидејќи господинот министер пропушти да каже, може е оваа такса во Словенија и Хрватска 250 долари, но треба да се каже дека стандардот во Словенија е за три до

четири пати поголем од стандардот во Македонија. Ако ја правиме таа компарација, сигурно ќе дојдеме до овој предлог што господинот Ајдарага го има предложено.

Понатаму ако ние правиме една елементарна компарација помеѓу информацијата што пред некое време ја имавме од МВР, во која се кажуваше дека, од прилика во Македонија има над 120 илјади граѓани со нерешен државјански статус, автоматски информацијата што господинот министер за финансии ја даде овде, ќе испадне дека не е точна. Можеби во тек се 3000 барања за здобивање на статус, а јас сум длабоко убеден дека таа бројка е многу поголема и особено токму од оваа такса и од неисполнувањето на условите што ги наметнува законот за државјанство има голема армија на жители на Македонија, така да ги прекрстиме сега, кои немале материјална храброст да поднесат барање за да се здобијат со државјанство. Токму од овие причини и од многуте други при- чини кои сите ние ги знаеме јас мислам дека имаме морална обврска да не размислуваме за полнење на буџетот на државата преку создавање на трагедија на нашите граѓани кои, токму да кажеме,еве претходниот парламент па можеби и овој парламент беа причина тие денес да бидат апатридни граѓани, тие денес да не можат да ги остваруваат тие затекнати права кои ги остваруваат и ние пред оваа гола вистина, би рекол, не можеме да ги затвориме очите. ВО таа смисла јас ве повикувам да покажеме доволна храброст да им помогнеме на овие луѓе, а полнењето на државниот буџет да не ни биде извор трагедијата на нашите граѓани. Има доста други извори преку кои може да се остварат овие финансиски ефекти кои сигурно се планира да се остварат и преку оваа такса.

**ФАИК АБДИ:**

Почитувани пратеници, токму она што го објасни министерот при дискусијата на господинот Руфи Османи, поготово од страна на

министерот бев натеран да дигнам рака и да кажам дека не се тоа 3000 луѓе кои бараат државјанство и се без државјанство туку ние имаме една голема група на луѓе кои не се ни осмелуваат, или пак во тие кои што поднеле бараше за државјанство, замислете, примени се, а притоа немаат пари да платат. Тие доаѓаат кај мене во канцеларија и кажуваат. Претпоставувам дека не лажат. Тие немаат пари од каде да најдат и да платат 500 долари, па да се здобие со државјанство.

Сакам да кажам дека апсолутно е точно она што го зборуваше господинот Арсовски. Ние веќе имаме луѓе кои одат по пазариштата просат, кои порано не ги гледавме, имаме луѓе кои одат и ваѓаат храна од контејнерите а кои порано не ги гледавме таму. Јас во контакти со овие луѓе дознавам дека не се државјани на Македонија и со тоа не можат да добијат ни еднократна ни социјална помош или пак она што го добие како пензија, го добие после месец два. Значи животот е тежок.

Јас сега се осврнувам на една ситуација во која токму тие луѓе, тука не може да се каже дека се само албанци во прашање. Има тука граѓани од сите нации, има роми, има албанци, има турци, има срби, има од другите народи, доаѓаат се жалат. Затоа мислам дека е ред да бидеме многу многу поправедни. Она што можеше досега односно тие што можеа досега да платат 500 долари, затоа што беа добро ситуирани го направија тоа, дадоа. Останаа тие што се копуци. Сега што да им земеме ние на нив. Да им ја земеме душата. Тие нема каде да одат. Каде ќе се врати тој, во Косово, во Србија, ќе се врати во Словенија, не нам каде. Не ги примаат ни таму. Затоа дајте да им помогнеме на тие луѓе бидејќи пред се ние сме и социјална држава и пред се хуманоста да преовладее и законите меѓународни кои дејствуваат кај нас, нашиот прием во ОН и тн.

Што се однесува до фактот дека во други земји се плаќало повеќе или помалку, да ви кажам јас живеев 19 месеци во Австралија. Таму за две години се станува државјанин на Австралија тогаш кога бев, па после беше 5 а сега е 3 години. За тоа само требаше да положам заклетва дека кралицата Елизабета II ќе ја почитувам, ќе ги почитувам законите на Австралија и само 20 долари на општината такса. Ништо повеќе, а толку богата земја. Јас ве молам да му помогнеме на тој најнизок слој луѓе кои имаат право да користат дел од нас, ние што работиме, од таа социјална помош или друго нешто да користат, заради тоа што тие кога работеле, кога придонесувале, тие кога плаќале социјално,пензиско и здравствено осигурување, тие кога плаќале за образование, воспитување и тн. ние сме учеле сме студирале, сме користеле и стипендии. Затоа дајте, некако тоа да биде повратно.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека тука има едно мало недоразбирање.

Јас реков дека граѓаните не можат да поведат постапка заради тоа што со прибирањето на документите, ако не учат и 500 долари, тој не може да ја води постапката. Не водиш постапка, значи не можеш да го оствариш тоа право, а ако човекот нема државјанство автоматски не може да ги користи сите социјални, економски, културни и друг вид права, предвидени со член 32, 36 и некои други членови во рамките на Уставот на Република Македонија.

Така да ако сум направил лапсус, господин Руфи, еве со оваа дообјаснување сигурно би биле задоволни.

**РУФИ ОСМАНИ:**

И јас сакам да кажам нешто во врска со овој амандман, односно околу тоа што се дискутира, иако често пати ние велиме дека во

политика нема етика, а јас мислам дека баш во овој случај овде има етика и тоа по мое мислење е голема етика. Од тој аспект, по мое мислење треба да се заборават партиските рамки и да одлучиме така како што бара, навистина, интересот на граѓанинот затоа што често пати потенцираме дека ние сме граѓанска држава, па во пракса навистина да се докажеме дека сме граѓанска држава.

Ние дискутираме за проблем, се работи за категорија на граѓани кои се најсиромашниот слој на нашето општество, за категорија на граѓани кои не се вработени, за категорија на граѓани, материјално необезбедени и здравствено неосигурани, граѓани што немаат формална можност да се вработат, па било во некоја приватна фирма, затоа што не поседуваат никаков документ.

**РУФИ ОСМАНИ:** (Продолжение)

Понатаму, треба да одлучиме за амандман кој навистина е важен за граѓаните затоа што се работи за сериозна група на граѓани која не е минимална. Од друга страна треба да имаме предвид дека граѓаните кои го изгубиле државјанството, тие државјанството го изгубиле не по своја вина. И тоа треба да се има во предвид.

Се поставува прашање во овој случај дали услугата што им се прави на овие несреќни луѓе чини 250 долари? Ми се чини дека амандманот на Ајдарага е поумесен и јас и мојата пратеничка група сме на мислење да гласаме за тој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 во тарифниот број 4, точка 1, поднесен од пратеникот Газменд Ајдарага.

Има збор г-динот Ајдарага процедурално.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Предлагам да се види бројот на пратениците во сала.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, од службите да добиеме информации за бројот.

(51 пратеник е присутен во салата).

Немаме кворум, ова гласање не важи.

Ги молам сите пратеници да влезат во салата.

V/2.-

Не знам кога толку брзо се преморија, еве еден час и нешто работиме, а веќе уморни.

Ве молам уште еднаш да се преброиме.

Во салата има 61 пратеник.

Имаме кворум.

Го повторувам гласањето за амандманот на член 4 во тарифниот број 4,точка 1, поднесен до пратеникот Газменд Ајдарага.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (19)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 во тарифниот број 4, точка 1, поднесен до пратеникот Газменд Ајдарага.

Отворам претрес по амандманот на член 4 во тарифниот број 4 во забелешката за додавање став 2, поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Ве молам, ако има потреба за пауза можете да побарате пауза.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа со слично образложение што беше дадено претходно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Со Законот кој е во сила во врска со стекнување на право на државјанство беше даден период кога граѓаните можеа да поднесат барање и без такса да бидат примени во државјанство.

Овде со овој амандман се прави напор тоа да се продолжи и барањата кои се поднесени до 31.12.1995 година да бидат опфатени и ништо друго. Понатаму нема дејство овој амандман. Спрема тоа,мислам дека може таква работа ако ние бевме толку свесни да прифатиме амандман кој пред малку не помина иако мислам дека направивме голема грешка господа од СДСМ, не знам како во базата, тоа Ваш проблем ќе биде но бидејќи имате и ваши граѓани кои не го примиле државјанството од тие причини, од тие причини барам и го поддржувам амандманот и молам да се гласа да се усвои.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

Молам, има збор г-динот Биљали. Или вие задоцнивте или јас не ве видов на време.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Салата е голема.

Почитувани пратеници, ние мора да признаеме дека фактички имаме една состојба за која може слободно да се каже дека е трагична односно бројни граѓани без нивна вина од статус на имање на државјанство практично се претвориле во лица без државјанство кажувам без нивна вина затоа што тие ниту се виновни што се распадна бившата држава, ниту можеле да претпоставаат дека такво нешто ќе се случи ниту се Нострадамуси ниту имале врска со баба Ванѓа , меѓутоа, ги снајде тоа што ги снајде . Иако не беа виновни фактички тие се жртви на политичарите и како и секогаш во историјата тие посебно го плаќаат цехот. Тука треба да се паога практично од една многу проста и важна логика односно дали администрацијата или управата е сервис на граѓаните. Според секоја логика и определба на минимална демократска

држава администрацијата е сервис на граѓаните и така треба да постапува и кога се решава за правата, обврските и интересите на граѓаните, а државјанството спаѓа во оваа категорија.

Исто така тука може да се постави прашањето по која логика треба да постапува нашата држава. Јас сум во дилема во врска со тоа дали државата во оваа трагедија прави бизнис односно среќа во несреќата на граѓаните или едноставно со оваа такса настојува да ги покрива трошоците во постапката. Мое мислење е дека тие што ги исполнуваат и ќе ги исполнуваат во иднина законските услови за стекнување на државјанство ќе се здобијат со тој статус, меѓутоа, политички морално е препорачливо државата да не ги малтретира тие граѓани ако не повеќе едноставно од политички причини особено ако овој сооднос има национални обележје, а јас морам да признам дека нема тотално национално обележје бидејќи граѓани од сите националности се во таква мака.

Исто така треба да признаеме дека фактички и правно се прави разлика помеѓу тие што ја покренаа постапката во законскиот рок и тие што не ја покренаа постапката во законски рок од причини или заради немање пари или заради незнаење. Ве уверувам дека бројни граѓани не ја покренаа постапката на време не знаејќи дека со поминување на одреден рок ќе треба да платат друга сума на пари. Тоа значи дека ние правиме разлика помеѓу граѓаните што ја покренаа постапката затоа што го знаеле законот и од друга страна на граѓаните кои не ја покренале постапката затоа што не го знаеле законот, а од друга страна пак имаме разлика помеѓу граѓаните што ја покренале постапката затоа што имале пари, а од друга страна имаме граѓани кои не ја покренале постапката од проста причина што немале пари, за таква постапка.

Јас сметам дека амандманот треба да се прифати, верувам дека државата нема да стане многу богата со тие пари, меѓутоа, за некого тие пари значат егзистенција.

V/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Поповски.

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Претседателе, почитувани пратеници, со оглед дека еден од почитуваните дискутанти директно се обрати на пратениците на СДСМ во кои спаѓам и јас за тоа како ќе гласаме и дали имаме на ум некои работи, јас сакам да кажам дека јас како пратеник на СДСМ и пратеничка та група на која припаѓам токму од тие причини ќе гласа за овој закон затоа што до сега имавме административна такса од 500 долари, сега ние ќе гласаме за административна такса од 250 долари значи гласаме за намалување на таксата од цели 250 долари, што е повеќе од една просечна плата во Република Македонија во стопанството или воопшто така што нашето гласање не се сведува на тоа дека сакаме да задржиме статус кво, туку напротив нашето гласање позитивно се сведува на намалување на таксата за цели 250 долари мислам дека таквото наше гласање не треба да се девалвира дека сакаме да задржиме ситуација, напротив радикално односно двојно со гласањето ја намалуваме ситуацијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас нема да се задржам многу, но ќе се обидам нешто да кажам околу начинот на поднесување барање за државјанство во Република Македонија.

Порано од она што досега имаме читано и согледано чест била на една држава да ги прими во свое државјанство граѓаните и тоа за страни државјани. Во моментот тука не е таков проблем, туку администрацијата се однесува за заокружување на државјанство на своите граѓани на Република Македонија кои поради некои други причини задоцниле, а тука во тој број на граѓани има и некои кои над 30 години имаат живеалиште

во Република Македонија. Тука има нивни деца кои тука се родени и ден денеска живеат и се постари од 30 до 40 години кои исто така имаат постојано живеалиште во Република Македонија. Тука е зачудувачки фактот што матичната држава ги условува матичните граѓа- ни. Пред малку тоа го реков дека е чест на една држава да прифати страни државјани во својата држава. Имаме многу примери низ историјата а од друга страна пак се поставува едно друго прашање, јас ќе гласам за амандманот што го поднесе г-динот Мевљан Таири , но кога би бил овој број кој е многу значителен од македонска национална припадност дали ваквиот услов би бил поставен за таквите граѓани. Јас не можам да бидам убеден дека е така. Би било ред од нашите граѓани знаејќи ја состојбата во која сме како што е во народот "од една овца две кожи бараме". Од кого заправо ние ќе го бараме тоа, пак од нашите граѓани. Нашите граѓани немаат, а нашата држава не станала до нивните пари за да бидат прифатени во државјанство на Република Македонија. Мислам дека тука треба да се покаже една поголема спремност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Г-динот Никола Поповски се обиде да ни даде одговор не знам дали граѓаните кои го слушаат ќе бидат на исто мислење како и тој, дали и колку му успеа маркетингот нека одлучат самите, мислам дека не доаѓа во прашање таква работа затоа што станува збор за граѓани на оваа држава, а не станува збор за странци. Граѓани кои ги оставиле коските во оваа држава, тие треба да платат 250 долари замислете дали Никола Поповски ако беше во истата позиција така ќе постапеше? Дали ќе гласаше на овој начин. Сигурен сум дека немаше да гласа на овој начин, нека се замисли малку како и сите господа, нека се замислат како ќе

гласаат, мене ме знаат граѓаните и затоа така ќе биде, ќе ме поддржат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, обраќајте се на Парламентот.

Има збор г-динот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас само кратко, мислам дека во обраќањето на г-динот Поповски има една голема хипокризија , има една замена на тезите односно причината ја прави последица и последицата ја прави причина. Не е исто г-дине Поповски да поддржиш предлог на закон со 250 долари такса или да предложиш да поддржиш амандман со 50 ДМ односно 50 долари такса. Ситуацијата е сосема јасна и мислам дека јавноста ова убаво го воочува и ќе знае убаво да го процени.

Јас во оваа прилика ќе кажам нешто друго, да бидеме објективни, па и јавноста да се информира. Во таа група на апатридни граѓани односно жители на Македонија над 95, па можеби и 96% се не-македонци и токму тука е причината што Социјалдемократите гласаат. Јас лично немам никакви дилеми, тоа е јавна тајна, да беше спротивна ситуацијата таксата ќе беше 0,0 УСА долари.. Во оваа прилика јас барам од г-динот министер за финансии да ги преточи овде јавно кои се тие финансиски доблести и ефекти што тој и неговата Влада ги прижелкуваат и ги прогнозираат на товар на трагедијата на овие граѓани, ако мисли дека се 3.000 граѓани, сигурно не е точно, па би било јавно да се изнесе овде и јавноста да се запознае како оваа држава планира да го полни својот буџет на товар и на штета на интересите на токму тие граѓани на кои оваа држава им ја нанесе оваа трагедија.

**РУФИ ОСМАНИ: (**Продолжение)

Знаете, цената е јавна, па јавно нека се изнесат сите факти и аргументи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Добро, се вжештија дискусиите, јас само малку смирувачки. Сакам да кажам дека таксата е основа за да некој докаже дека е државјанин. Намалувањето лично го поддржувам и гласам за амандманот. Меѓутоа, не можам да прифатам дискусија на нашите колеги кои алудираат на тоа дека сега секој што ќе даде документи треба да добие и државјанство дека сите што тука живеат се државјани на РМ. Да се разбереме, постои орган кој треба да утврди статус на државјанство. Тоа во сите земји / е тврдо право, кое тврдо се докажува. Не е како што беше кажано од еден пратеник дека треба да се заколне треба тврдо да плати адвокат 5 или 10 илјади долари, па да чека 5 години па да го добие тоа право. Јас со ова не сакам да ја намалам можноста на господата кои чекаат статус да им се одобри да државјанство од соодветна институција. Меѓутоа, треба да знаеме дека ние правото треба да им го овозможиме од аспект на тоа да можат материјално да го побараат тоа право. Но, овде се злоупотребува, од говорница се зборува дека сите тие што се тука треба да добијат статус на државјаноство и тоа е огромен број. Да се

разбереме, јас знам едно, оние постојат и луѓе кои тука живеат многу години, меѓутоа, тие се луѓе кои се дојдени од Косово, од Албанија, Србија, од Бугарија, од секаде. Тие тука живееле нелегално. Органот, државниот орган кој е овластен за тоа и кој треба да си ја води многу цврсто таа работа по законите и прописите треба да установи и да констатира дали на тој и на тој граѓанин му дава право за државјанство или не. Јас алудирам на тоа и тука треба да бидеме начисто и треба да кажеме дека на сите треба да им дадеме право да поднесат, да дадат барање за да се докаже нивното право на државјанство. Меѓутоа, да не се залажуваме дека сите што живеат тука и дека сите ќе треба да добијат. Да се разбереме дека во оваа држава се уште живеат луѓе кои биле против и се против оваа држава. И органот ќе цени дали ќе треба да даде државјанство или не. Впрочем, секаде е така и во Америка ако не се 10 или 5 години како што треба, ако не направите ни еден инцидент во ресторант, ако не погазите знаме на државата, ако не навредите некој, никогаш нема да добиете, дури ќе ви го одземат државјанството до колку се најдете во судир со државата. И со законите на државата. Затоа, сигурно во филмовите гледате во Америка дека тие што се баратели на државјанство или кои добиле кога ќе видат дека некаде има проблеми или гужва први тие ја напуштаат кафаната само да не дојдат во судир со државата. Ова само како пример, не сакам толку да го изострувам тој став. меѓутоа сакав да кажам како човек се залагам сите подеднакво да си поднесат документи, а државата е таа што ќе оцени и одговара зошто тоа го дала или не го дава.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Јас не би сакал да се вклучам во оваа дискусија, бидејќи трагедијата на овие граѓани кои се моментално без државјанство во оваа Република, не може да се реши со овој амандман. Туку овој амандман само ќе ја ублажи ситуацијата. Бидејќи и претходниот дискутант беше толку дециден во врска со ова прашање како треба да се реши. Ние знаеме дека Законот, моменталниот што е на сила, овој проблем не го решава, овој проблем вака од еден аспект го драматизира толку што моменталната состојба ние знаеме каква е. Бидејќи ние пред неколку месеци имавме информација од Министерството за внатрешни работи каде пишуваше дека околу 120 илјади во оваа држава се без државјанство, ние знаеме зошто тие луѓе се без државјанство. Господа, не се работи за луѓе кои се од Косово и од некоја друга територија. Дури има и луѓе, граѓани од Куманово кои од 193 3 година кога РМ не постоеше, немаше статус на Република во склоп на СФРЈ. Ние знаеме дека РМ статус на Република има во склоп на СФРЈ, поранешната Југославија од 1944 година, од АСНОМ. А има двајца граѓани во Куманово кој еден од 1933 година живее во Куманово, а другиот од 19 36 година нема државјанство. Тука се прави една дискриминација во конкретниот случај би рекол, поготово кај Албанците. Бидејќи г-динот Поповски сакаше да биде некој хуманист по ова прашање, ние знаеме дека во 1948 година беше односно дојде во Македонија голем број на македонци од Егејска Македонија. Сега јас прашувам како се решил статусот на македонците Егејци, кои се исто така доселени од Егејскиот дел на Македонија. А како не можел да се реши проблемот на еден

граѓанин Албанец од 1933 година. Немој да се плашите и со овој амандман не може да се реши додека не се менува Законот, додека Владата не предложи друг закон. Не може ни со овој амандман. Туку со овој амандман ќе се олесни процедурата за некоја група граѓани, а голем дел, односно за голем дел на граѓани не може да се реши овој проблем. Бидејќи уште еднаш го истакнувам проблемот и г-динот Поповски знае подобро од мене како го решил овој проблем лично за себе....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам обраќајте се до Парламентот, немојте на пратеникот лично.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Да знам како останал да не се реши проблемот на граѓаните кои се од 1933 година, има од 1936, па дури има и од 1914 и 1918 година. Јас имам такви информации, имам такви податоци добиени од граѓаните во Куманово. Ова е проблем што треба да се реши, меѓутоа, треба да се најде еден заеднички јазик зошто се плашите. Дискриминацијата потекнува токму од социјал демократите. Секоја иницијатива која во интерес на граѓаните на оваа држава, ако не се работи за македонците, и СДС не ја поддржуваат. Јас таков впечаток имам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Имам впечаток дека ептен се исполитизира прашањето на таксата за добивање државјанство и не се издвојува од процедурата за државјанство со она што значи такса која што тука се кажа дека е за 100 посто намалена со овој предлог на закон. Дека му се дава ептен голем политички тон и ептен многу издигнат глас недозволено во овој дом каде што треба да градиме доверба, мислам дека ќе соопштам, вие се повикувате на СДС. Во СДС сигурно знаете дека членуваат многу Албанци, граѓани од албанска народност. Но, на жалост не чувме во овој дом никаква ограда од пратениците Албанци за оние членови албанци во СДС кои што се тепани на улиците на Тетово, заради тоа што припаѓаат на една неалбанска граѓанска партија. Тоа би било она што би допринело во изградбата на довербата меѓу нас колеги, пратеници од сите партии.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Со цел да извршиме консултации во име на пратеничката група на ПДП барам еден час пауза.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме во 14,00 часот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

(Седницата продолжи со работа во 14,35 часот)

Ве потсетувам дека се уште сме на претрес по амандманот на член 4, во тарифниот број 4 по забелешката за додавање став 2 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака.

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 по тарифниот број 4 по забелешката за додавање став 2 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Отворам претрес по амандманот на член 4, во тарифниот број 4, точка 1 и 2 поднесен од пратеникот Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Тоа се амандмани со слични содржини и ставот на Владата, јас го соопштив неколку пати, не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

8 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 во тарифниот број 4, точка 1 и 2 поднесен од пратеникот Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 4 во тарифниот број 13, став 2, точка 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 поднесен од пратеникот Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-динот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Овој амандман не се прифаќа, затоа што станува збор за издавање лиценца за внатрешен, интерен и меѓународен превоз на патници и стока во патниот сообраќај на РМ. Со оглед на фактот што станува збор меѓу другото и за меѓународен превоз на патници, ние поаѓаме и овде од онаа логика, која што секогаш е присутна во доменот на компетентите на јавните приходи, дека на крајот на краиштата плаќањето на такси, даноци и други типови на јавни приходи треба да биде меѓу другото и во корелација со економската моќ на стопанскиот субјект, што не е секогаш доминантен фактор, меѓутоа дека денеска за работи за меѓународен превоз каде приливите се поголеми останува ме на нашиот предлог, не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Би било интересно во оваа прилика да слушнеме од г-динот предлагач со кои математики се дојдени до овие износи. Инаку, само да ви напомнам дека се работи за износи кои се движат од 100 до 500 ДЕМ, а не се работи само за лиценци за меѓународен превоз, туку се работи за внатрешен превоз.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

9 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 во тарифниот број 13, став 2, точка 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 поднесен од пратеникот Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за менување на тарифниот број 31 поднесен од пратеникот Кирил Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Таки Фити има збор.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот, фактички, алудира на определено настојување на дозволите кај државните простории што се врзани за техничката опременост, за заштита при работа и за санитарно - хигиенски услови. Не се предлага во овој амандман, навистина никаква промена во вкупната сума. Меѓутоа, не можеме да го прифатиме од проста и едноставна причина, што кога ако се поделат овие може во практиката

да се случи да се добие една дозвола, а две дозволи да не се добијат, или обратно. Според тоа, ќе има технички проблеми во наплатата и исполнувањето кога би било вака. Од тие причини не можеме да го прифатиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

8 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 за менување на тарифниот број 31 поднесен од пратеникот Кирил Спасовски.

Отворам претрес по амандманот на член 4 во тарифниот број 114, став 1, точка 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7и8 поднесен од пратеникот Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Таки Фити има збор.

**ТАКИ ФИТИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Бидејќи во случајов се работи за административни такси што треба да ги плаќаат нашите граѓани кои привремено работат во странство,

морам да искажам едно мое несогласување со сразмерот кој е определен за плаќање за овие граѓани кои овие документи што треба да ги подигнат во нашите амбасади, значи надвор од земјата е ставен еден сооднос, кој во просек некаде е од 8 до 10 пати поголем во однос на таксите кои се плаќаат во земјата.

Предлогот што е даден од наша страна поаѓа од еден вака разумен сооднос и се предлага тие такси да бидат во просек за 6 пати поголеми во однос на таксите кои се плаќаат во Македонија и како просек е земена дека тие граѓани остваруваат во просек некаде лични примања од 2 илјади ДЕМ, што де факто и де јуре тоа го остваруваат.

Исто така, овој предлог од страна на предлагачот има голема слабост во себе, што не предлага диференцирани стапки односно диференцирани износи за овие административни такси и во зависност од местото во кое нашите граѓани работат, бидејќи во зависност од таквото место и примањата што тие ги остваруваат таму се различни. Па, сигурно, еден граѓанин неостварува примања идентични во Швајцарија или Германија, во Австрија, Белгија и тн.

Предлогот што ние го имаме дадено, мислиме дека е реален предлог и дека го штити интересот на државата и дали да апелирам д го прифатите. Сигурно не.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

16 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 во тарифниот број 114, став 1, точка 1,2,3,4,5,6,7 и 8 поднесен од пратеникот Рами Туда*-.

Во меѓувреме пратеникот Ристо Трајков поднесе амандман на член 4, тарифен број 62 по кој Владата не е произнесена.

Отворам претрес по амандманот на член 4 во тарифниот број 62 поднесен од пратеникот Ристо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Трајков го повлекува амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за. молам да крене рака.

53 пратеници гласаа за.

Дали е некој против?

12 пратеници се против.

Дали е некој воздржан?

8 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за административните такси.

Минуваме на точка 6 - Предлог за донесување на закон за престанок на важење на Законот за дејноста на Медицинскиот факултет за укажување на здравствена заштита, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Предлогот за донесување на закон, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? 6С

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за престанок на важењето на Законот за дејноста на Медицинскиот факултет за укажување на Здравствена заштита.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Заклучокот е Усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали е некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (5)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (65)

али има некој против? (3)

Дали некој се воздржува од гласање (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за престанок на важењето на Законот за дејноста на Медицинскиот факултет за укажување на здравствена заштита.

VII/2.-

Минуваме на **<u>точка 7</u>** - <u>Предлог на одлука за основање на Универзитетски Клинички центар Скопје.</u>

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Комисијата за здравство поднесе амандман на насловот и на членовите 1, 2, 3,. 4 , 5 , 6и7.

Отворам претрес по амандманот на насловот и на членовите до1, 2, 3, 4, 5 , 6 и 7, поднесен од Комисијата за здравство.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор, г-динот Илир Љума, заменик министер за здравство.

**ИЛИР ЉУМА:**

Исто така, јас се согласувам со предлогот амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака(67)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за основање на Клинички центар Скопје.

Минуваме на **точка 8** - Нацрт на закон за царинска тарифа.

Нацртот на законот, забелешките на пратениците Теодосие Паунов Љубомир Чадиковски, Фаик Абди и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри.

Законот за Царинска тарифа, поради неговото влијание врз работата на најголемиот број стопански субјекти во државата побудува се поголем интерес. Царината покрај заштитната функција треба да ја има и фискалната и развојната функција. Најдобро би било, доколку ние успееме да изградиме таков тарифник кој ќе преферира развој, потоа заштита на домашното производство и на крај полнење на државниот буџет.

Мислам дека во некои делови од тарифникот преовладува обратен редослед. Така на пример во земјоделието пренагласена е заштитата, која пак од друга страна може негативно да се одрази на развојот. Мислам дека царината од 40 до 60% е превисока, бидејќи над неа, се предвидени дополнителни царински давачки кои ќе ги определува Владата. Така за некои производи вкупните давачки може да ја надминат границата од 100%. Од друга страна пак тоа може негативно да се одрази врз стандардот на населението донсоно неговата социјална сигурност.

Кога зборуваме за царината односно заштитата на домашното производство не можеме да ја исклучиме социјалата и овие две компоненти треба да бидат извонредно избалансирани. Од тие причини ценам дека е поупатно да се намали царината на земјоделските производи, а Владата преку дополнителните давачки да ја води политика одделно за секој производ, зависно од годишниот рок односно од понудата на пазарот.

VII/4.-

Како што знаеме, може да се случи, поради разни временски или други непогоди, некој производ во една година воопшто да го нема на домашниот пазар. Се прашувам во таа година што ние ќе штитиме.

Има реакции на висината на царинската стапка на суровините, репроматеријалите, резервните делови и опремата и земјоделската механизација. во овој дел царината треба исклучително да ја има развојната функција. Таа треба да го овозможи заживувањето и развојот на изнемоштеното стопанство. Од тие причини овие царини треба да бидат минимални. Ова особено се однесува на металната индустрија, црната и обоената металургија и текстилната индустрија.

Најмногу интерес во јавноста предизвикува царината на увозот на патнички автомобил. За оваа тарифа јас зборував и во првата фаза на овој закон, но, од неа очигледно немаше одѕив, поради што дел од истата и денес ќе повторам.
со Нацртот е предвидена царинска ставка од 21, 26 и 28%, зависно од категоријата и староста на возилото. Образложението за драстично зголемување е дека една германска фирма ќе гради фабрика во Македонија. Значи, тарифата е проектирана на претпоставката што не е сигурно дека ќе се реализира.

Да не бидам погрешно разбран, доколку се реализира о ваа идеја, се надевам, без исклучок, сите ние ќе ја поздравиме и ќе сториме се да ја заштитиме истата.

Како што реков и минатиот пат, царината не треба да се набљудува одвоено од данокот, што со сегашниот предлог заедно, ќе изнесува 51 до 57%, што значи ние заштитата можеме да ја правиме и преку царината и преку данокот. Но, што всушност ние заштитуваме. Таа фабрика која треба а се гради произведува автомобили од висока луксузна класа кои во вкупната продажба сигурно учествуваат помалку од 10%, може би и под 5%. Знаеме дека кај нас најмногу се купуваат најмалите автомобили кои сега се некако достапни за просечниот

граѓанин. Со предложената царина и тие ќе станат недостапни за повеќе од 90% од населението. Со тоа нагло ќе се намали продажбата на нови автомобили и место да се полни касата таа ќе остане празна од оваа царинска стапка, а по патеката ќе се обраќаат автомобили постари од 10 па и од 20 години.

Со постојната царинска ставка се создадоа услови и почна обнова на возниот парк во Македонија, но со предложената царинска стапка оваа позитивна тенденција ќе се стопира.

Уште нешто. Во развиена Европа се препорачува производство на автомобили кои како погонско гориво користат безоловен бензин кој најмалку ја загадува животната средина. Тие возила се оптоварени со најмали давачки односно најмали царини и даноци.

Препорачувам изготвувачот на тарифникот да предвиде најмали царински стапки и за овие возила.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани министри Ова е втора фаза на еден од суштинските закони з а кои особен интерес мора да покаже стопанството, бидејќи овој закон најповеќе се однесува и на него.

Жалам, што мораме да констатирам дека најголем дел од забелешките искажани од оваа говорница, во првата фаза од разгледувањето на овој закон, не беа прифатени или барем не беа сериозно анализирани, особено членот 5 3 што значеше увоз заради извоз, што со овој тарифник се укинува и ми беше барем објаснето на некој начин и се договаравме во Комисијата за стопанство, практично ефектите од ова укинување не ги почувствува стопанството. Исто така бевме коректни кога рековме дека фискалната мерка од овој член не треба да ја осети и државата. Напротив, се случи нешто што не можеме да го прифатиме, не можеме да го објасниме и дури на една од седниците на Комисијата од стопанство, одевме со предлог оваа фаза да

VII/6.-

се одложи за извесно време, како за да можат да се прифатат овие аргументирани сугестии. Сепак, на втората седница на Комисијата за стопанство имајќи разбирање и респект дека ова е еден од фундаменталните закони и дека со тоа не треба да изгубиме динамика во неговото донесување, се согласивме условно да прифатиме разгледување на оваа II фаза како нацрт на закон, но со договор, во периодот кој претстои, дел од забелешките се обиде една Комисија од меѓуресорската група од ресорните министерства и од стопанствениците во овој парламент да се позабави со оваа проблематика по аналитички, дури инсистирајќи на посети на одредени карактеристични фирми каде ќе можеме на лице место да се запознаеме со последиците од донесување на еден ваков закон за царинска тарифа.

Она општо што го прифаќаме е дека прифаќаме заштита на земјоделското производство, се разбира со сите оние забелешки што ќе бидат изречени, но имаме забелешки на она што значи суровини кои кај нас не се произведуваат, особено суровини кои се наменети за производство поради извоз. Тука најкарактеристични се: текстилната индустрија, прехранбената индустрија, металската индустрија, а јас не би ги одвоил и електро металургијата, затоа што една стапка од два и три насто за една железара значи едно огромно оптоварување што во овие услови тој стопански субјект не ќе може да ги поднесе.

Јас на Комисијата за стопанство дадов еден податок кој овде само кратко ќе го објаснам, бидејќи јас имав едно покомплексно излагање тука при првата фаза, а тоа е следното:

Анализирани се 18 позиции во акционерското друштво Тетекс Тетово каде со измената на членот 53 и со прифаќањето на стапките како што ги предвидува Владата за 18 тарифни броја, царинската давачка и царинското оптоварување во 1995 година изнесувало 76 илјади долари. Ако се усвои оваа царинска тарифа ќе треба при исти услови на производство, значи при исти увоз, треба Тетекс да издвои

690.000 долари, или во индекси тоа е зголемување од 907 индексни поени. Веднаш ви кажувам, не само Тетекс туку и други организации од Текстилната индустрија, особено извозниците не ќе можат овој енормно зголемен процент да го поднесат. Тоа е зголемување скоро од 10 пати, што мислам дека ниту некоја заштеда ниту рационално производство ќе може да го произведе.

Второто е поврзано со тоа што значи конкурентност на едно вакво оптоварено стопанство.

Не би сакал да објаснувам, еден добар дел од присутните стопанственици туку денес, вчера беа на средбата со почитуваните стопанственици од Република Турција каде има прилика да видат дека не можеме во текстилот и во другите од лесната индустрија воопшто да помислиме на извоз таму, а тоа значи не може да се помисли на извоз и на било кои други пазари во светот. Тогаш каде е шансата? Ќе ги затвориме сите претпријатија и ќе се прилагодуваме да живееме од трговија, од промет, од шверц, но тоа практично е политика на кратки стази.

Исто така има одредени нелогичности кои и минатиот пат ги изнесов.

За памукот и натаму е предвиден слободен увоз а за волната се предвидува Тарифен број и со царина од некаде три до четири посто. Зошто? Ниту едното го имаме, ниту го имаме другото. Ако веќе сакаме конкурентно производство мораме да ги прифатиме и едното и другото како слободен увоз.

Во земјоделската механизација и опрема кај мене внесува нелогичност тоа што тракторите имаат слободен увоз, а комбајните и другите машини кои исто така не се произведуваат кај нас да бидат оптоварени со одредени ставки. Ниту едното, ниту другото, барем во догледно време немаме шанси да го произведуваме.

Не можам да прифатам заштита на нешто што е само визија и што се само планови, мислам на автомобилската индустрија.

VII/8.-

Ќе бидеме најсреќни тие визии за производство, дали тоа се мали автомобили, дали се луксузни автомобили, утре нека почне тоа производство, задутре ние тука ќе се собереме и ек определиме една заштитна мерка за да ја општите таа наша автомобилска индустрија, толку експлоатирана да ни повлече едно зголемување во еден многу голем осетлив сегмент.

Моја конкретна забелешка е сите давачки за увоз на автомобили, мислам на нови, заедно со сите даноци да не ја преминуваат стапката од 2 5%.Тоа е мојот предлог. Инаку тоа е секаде во светот.

Ако најчесто од оваа говорница од претставниците на Владата сме бомбардирани со аргументи дека во земјите со развиено стопанство, во земјите од Европската унија, во земјите каде што се приближуваме, каде треба да се вклучиме, вакви се односите, зошто ние тогаш одиме со некои бројки кои не можеме да ги оправдаме.

Не сакаме да ја прифатиме вистината дека со помалку давачки секој ќе биде стимулиран и нема да биде оптоварен да ги избегнува тие давачки за да крајните ефекти повторно бидат дури поповолни од оние кои законодавецот мисли да ги присобере. Според тоа сметам дека третата фаза воопшто не треба а се брза. Треба а се прифатат сите забелешки од групациите на Стопанства комора што ги добивме, треба, добро да се седне и ова е единствена прилика, како и што покажавме на Комисијата за стопанство, воопшто политиката не ни е присутна и навистина, верувајте, воопшто не не оптоваруваше. Дајте еднаш да почнеме заради она што сме тука, а тоа е да имаме производство што е предуслов да имаме подобар живот. Политиката нека биде во функција на стопанството и производството и сите други дејности, затоа што многу полесно ќе можеме да ги разрешуваме и прашањата што значат политика. Ние барем вака се договоривме на Комисијата за стопанство .Дури рековме дека ќе дадеме и иницијатива, во склопот и на овој законодавен дом на формираме асоцијација на стопанственици по

угледот на други ненапишани асоцијации кои многу ефикасно функционираат во ова Собрание. На крајот на краиштата и да се погледнеме сега придонесувањe на овој закон за царинска тарифа. Останавме 90% од тие кои го претставуваме стопанството. СЕ друго кое живее од тоа стопанство излезе да си направи пауза и практично утре или во некоја следна прилика да бара зголемување на стапките по било кои основи.

Им благодарам на сите што останавте солидарни да го носиме овој товар без кој нема напредок ниту држава.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Благој Стојковски

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри,

Денеска имаме еден проект закон за царинска тарифа кој по својата важност е еден од многу битните законски проекти кои ќе имаат големо влијание врз севкупниот живот на нашата Република, проект кој ги содржи и обработува трите многу битни елементи за функционирањето и на стопанството и на нестооанските дејности. Елементи содржани во заштитната функција на сопственото производство, развојната функција на стопанството и фискалниот преку кој се овозможува функционирање на се она што претставува вонстопанство или што претставува буџетски корисници. Предлагачот, сигурно, го нема земено како појдовен елемент во изготвување на овој проект фискалниот елемент, туку двата други елементи, меѓутоа, и покрај неговото залагање за обработка на овие два други елементи имами свое видување и свои забелешки и тоа:

Предвидените царински стапки за увоз на суровини и репроматеријали од 5 до 8 се добри за стопанства што се наоѓаат во развиени држави, стопанства што ги имаме на запад, но за стопанство какво е нашето во овој момент пред се осиромашено од разни ембарга и изгубените пазари со производство на кое му треба многу свежа крв да се застане на здрави нозе и биде конкурентно на светскиот пазар овие стапки се високи посебно за извозно ориентираните претпријатија, бидејќи со стапување на сила на овој законски проект нивните производи

ќе бидат оптоварени со поголеми трошоци што производот ќе го направат неконкурентен на светскиот пазар. Колку ќе бидат зголемени овие трошоци иако царинската стапка е„, навидум многу мала од 5 до 8, ќе го илустрирам само со следниот пример, а тој пример може да се поистовети и за текстилната и за чевларската индустрија кои егзистираат во општината Куманово.

Фабриката за заварени цевки "11 Октомври " за 1996 година планира увоз на репроматеријал во висина од 14.435.000 американски долари, за да оствари извоз од некаде 23.000.000 долари.

Од досегашниот начин на работење на база увоз за извоз регулирано со член 53 царинските давачки на Ф-ката за заварени цевки "11 Октомври" изнесуваат 144.350 американски долари. Спрема овој проект кој денеска го разгледуваме во фаза на нацрт, и кој е на дневен ред Фабриката за заварени цевки во 1996 година, доколку биде усвоен овој проект, да плати 977.850 американски долари што претставува зголемување на трошоци на производство од 833.500 американски долари, односно зголемени трошоци во висина од близу две бруто плати на околу 1.400 вработени работници во ф-ката за заварени цевки

Ваква состојба е иста и во текстилната и цевларската индус- трија. Моето залагање е изготвувачите на тарифниот правилник да покај можностите што ги имаат дадено во член 2 од Нацртот на законот за царинската тарифа овие стапки да се намалат во помали граници сведувајќи ги во проценти во стапки од 2 до 5 зависно за која индустрија се работи дали е тоа црна металургија која е подоходовна или е текстилната или чевларската за која знаеме дека не се индустрии кои создаваат поголем доход.

Тоа е прво.

Второ, мислам дека во овој период на нашата транзиција во период на заздравуваше на стопанството мораме да имаме слух за овие работи и овие стапки навистина да бидат ниски и

Трета работа, за мене третата работа произлегува од проста причина што спрема мене среќно е секое производство, секое стопанства кое може да користи суровини од надвор, да направи производ, ја сочува својата суровинска база, а тој производ може како финален да конкурира на светскиот пазар. Такви работи се многу тешки за остварување и нашето стопанство треба да се спреми во изнаоѓање суровини, а државата мора да му овозможи таа суровина да ја внесе по многу ниски царински стапки.

Втора работа, по однос на увоз на делови кои се разработени како делови за одржување и делови кои преку монтажа ќе учествуваат во оформување на финалниот производ, производ кој не се произведува во нашата земја, се залагам да се дадат пониски царински стапки од следните прости причини, бидејќи со овозможување на монтажа на производи во нашата држава, пред се ќе овозможиме поевтина производ за нашите граѓани, ќе овозможиме нови вработувања, ќе овозможиме учество на нашите производи кои ги произведуваме во нашета држава да учествуваат во финализирање на производите, а од друга страна државата преку разните даноци, пред се, данок на промет, персоналниот данок, ќе го остварува и третиот елемент фискалниот елемент со што ќе се соберат средства во Буџетот, а исто така и во фондовите преку зафаќање од вработените во Фондот за здравство, фондот за пензиско инвалидско осигурување.

Трета работа, и третиот елемент, а тоа е заштитниот. По однос на елемент од заштита на своето производство сметам дека исто така има простор за дискусија и за подобро законско регулирање и дефинирање на оваа заштита и оневозможување на создавање на монополистичка

положба на некои производи кои можат да предизвикаат и негативни влијанија и негативни реагирање на нашите граѓани. Мислам дека мора со некој член од Законот да се даде можност во такви моменти, во такви услови да реагира Државата дали преку својата извршна власт или преку други свои асоцијации, меѓутоа, тоа мора да биде опфатено со новиотярински тарифник.

На крајот имам и конкретни забелешки во овој дел и ја користам можноста што се наоѓам на говорницата да ставам конкретна забелешка на Оддел XVI, и Глава 85 поточно под тарифен број од 850431 до 850433 стои "други трансформатори" или трансформатори со сила до еден волт ампер до 16 кв.ампери наместо стапка од 16 да стои стапка од 21 и кај тарифниот подброј 850450 индуктивни калеми царинската стапка исто така наместо 16 да изнесува 21. Горното го предлагам од проста причина што производите - трансформатори со овие снаги до 1 волт ампер и до 16 поточно до 40 кв.ампери и индуктивни калеми или пригушници со снага од 125 вати, 250 вати и 400 вати се веќе произведуваат во нашата држава во производство кое ги задоволува потребите на нашата Република и пошироко.

Предлогот стапката да биде само 21 оневозможува таа положба да добие монополистичка положба и на нашите граѓани и на претпријатијата им биде скапо всушност поскапо од светскиот пазар.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, почитувани министри,

При комисиската расправа за Нацртот за царинската тарифа од она што имав јас можност да присуствувам на Комисијата за економска

политика и развој како и од она што можеше да се прочита од извештаите на комисиите очигледно се бројни забелешки има овој закон, беа изнесувани и такви тврдења дека овој закон ќе го уништи рударството, овој закон за царинска тарифа ќе ја уништи металургијата во нашата држава и ред други работи и сите тие тврдења имав можност да ги слушнам од пратениците од партиите кои ја поддржуваат Владата односно кои ја изгласаа Владата и на Комисијата за економска политика и развој го поставив прашањето како тогаш ќе го поддржите овој загон кога тврдите дека со предложените стапки кои се царински овде ќе уништи голем дел од нашето стопанство. Јас се надевам дека и денес еве неколку дискутанти кои што беа од позицијата, кои што изнесуваат податоци за тешките последици кои што ги имал овој закон овие царински стапки овде кои што ги предлага Владата дека своите тврдења и своите несфаќања ќе ги изнесат и преку чинот на гласање.

Би сакал да кажам од претходните мои дискутанти се согласуваме во она што заеднички се согласуваме дека има голем број на достатоци. Се согласуваме во тоа што и тројцата мои претходни дискутанти се извинувам што си земам право за слобода да така се обратам кон вашите дискусии кои што сум чул дека се работи за и те како важен закон. Ако за голем број на закони кој што ги донело ова Собрание и одлуки кои што се во надлежност на Собранието сме рекле дека се од историско значење, тогаш за овој закон слободно можеме да кажеме дека од фундаментално значење за развојот на нашата земја.

Со овој закон по мое мислење темелно се утврдува идниот стопански развој на нашата држава и секоја па макар и најмала грешка при донесувањето на овој закон може да има тешки последици по севкупниот развој пред се стопанскиот и преку тоа на општествено политичкиот живот во Македонија.

Затоа пратениците од Либералната партија сметаат дека при

донесувањето на овој закон е потребно постигнување на висок степен на согласност од сите чинители на Македонија. Тука пред се, мислам и на политичките партии, и на Стопанската комора, на научните институции бидејќи како што рекоа претставниците на Владата бранејќи го овој закон при комисиската расправа дека еднаш донесените царински стапки после тоа тешко ќе можат да се менуваат а посебно не да се зголемуваат. Затоа секој вид на притисок кој ќе се има врз пратениците, а тоа можам да го потврдам следново: Комисијата за стопанство пред еден ден, односно пред некнежната седница донесе заклучок со кој што бараше оваа точка да се симне од дневен ред на седницата на Парламентот со цел да се извршат некои усогласување со Стопан- ската комора со сопствениците да се изврши одредено би рекле снимање на теренот на поголемите стопански организации за да веднаш другиот ден истата комисија да донесе заклучок кој што е во некоја ивзедена форма кој во иднина да се седне па со забелешките да се придонесе за подобар закон.

Јас затоа уште еднаш би замолил овој закон да се обидеме да постигнеме висок степен на усогласеност помеѓу сите чинители во Републиката. Пратениците од Либералната партија сметаат дека пред да се изграла предложениот закон за салонска тарифа потребно е да се согледа фактичката состојба и да се даде одговор на неколку прашања.

Прва и основна активност е целосна анализа на надворешното трговско работење во нашата земја. Врз основа на таа анализа во која би се вклучиле сите надлежни институции би се добиле базичните податоци за фактичката состојба и врз база на тоа би се одредиле кои се стопанските гранки со најголемо учество како учеството на поодделни производи во надворешната трговска размена на нашата држава и на кој

начин ќе ги заштитуваме, ќе придонесуваме за нивниот развој. Што значи дека придонесувањето на овој закон пред нас пратениците неопходно е да се дадат билансните состојби за надворешно трговското работеше како би можеле квалитетно да се одлучуваме.

Второ, овој закон е дел од трговската политика на една земја, се разбира и на нашата. Затоа е неопходно придонесувањето на овој закон да се даде и одговор на прашањето. Дали тој ќе овозможи да се постигне функцијата на зајакнување на конкурентноста на Светскиот пазар на националната економија, бидејќи ние можеме да кажеме овде дека одредени стапки вака ќе направиме, онака ќе напра виме, вакво производство ќе добиеме, онакво производство ќе добиеме производство. Но сето тоа ќе се верифицира тогаш во моментот кога ќе излезе на Светскиот пазар и дали ќе бидеме доволно конкурентни да постигнеме последниот резултат. Последниот арбитар ќе ни биде светскиот пазар.

Со оглед на тоа што овој закон како што рековме дека е само дел со кој се регулира царинскиот сектор и надворешно трговското работење пратениците на Либералната партија ја сметаат дека би било многу подобро ако во пакет со предложениот закон се предложат и сите останати прописи кои ја регулираат оваа област, а се во надлежност на Собранието на Република Македонија.

За жал ние сега го разгледуваме само овој закон Законот за царинската тарифа, односно ќе се донесе царински тарифник а се уште ќе постои стариот закон за царина. Се прашувам зошто не се предложи и нов закон за царини во согласност со новата царинска тарифа. Сметам дека напоредно со овој закон потребно е да се предложат и извршат и соодветни измени и во Законот за плаќање на посебни давачки при увоз на земјоделски прехранбени производи. Во склоп на тој пакет закони

потребно е да се предложи и нов закон за надворешно - трговско работење и закон за царинската управа.

Со вака предложени поединечни предлози како што денес приоѓаме реално постои можност за неусогласеност меѓу одделни закони и други прописи со што ќе се усложни оперативното спроведување на Законот.

Следното прашање на кое според либералите може би е и најважното е развојната компонента на овој Закон. Во образложението на овој Закон како и при комисиската расправа претставниците на Влада-а истакнуваат дека при изготвувањето на овој закон во прв план им била развојната компонента. Но ако добро се проанализира царинскиот тарифник, ако добро се проанализира царинските ставки ќе видиме дека тврдењата на Владата немаат поткрепа. Имено, општо е познато дека во нашата држава не постои стратегија за долгорочен развој барем во јавноста позната освен тезите за таква стратегија во која се работи во Македонската академија на науките и уметностите. Ако е така, а сметам дека е така, тогаш се прашувам на што се заснова развојната компонента на овој закон. Затоа сметам дека ако немаме наша стратегија за долгорочен стопански развој, барем можеше таа донекаде да се согласи со стратегијата во Европската Унија.

Согласно макроекономската политика за 1996 година, делот кој се однесува за надворешниот сектор на таа макроекономска политика со донесувањето на новата царинска тарифа и од она што тогашниот министер за финансии овде го вети пред нас пратениците, требаше да се изврши осетно намалување на царинските стапки за суровините и репроматеријалите кои не се произведуваат во земјата.

IX/1 ПЈ/НД

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:** (Продолжение)

И да се оствари повисока заштита на земјоделството и прехранбената индустрија. Ако кај земјоделството, прехранбената индустрија тоа до некаде е постигнато, тогаш сметам дека кај областа кај суровините и репроматеријалите, како и опремата тоа не е случај. Имено, општата непондерирана царинска стапка во новиот предлог е повисока за околу 3% од досегашната без влијанието на посебните давачки и такси. Еве министерот гледам дека не се согласува, но така беше изнесено и при расправата во комисиите. Ке ми биде драго ако бидам демантиран.

Развојниот концепт не се гледа и од фактот, бидејќи царинските стапки се се уште високи не само кај суровините кои воопшто не се произведуваат, односно кои воопшто ги нема во нашата земја, туку тие се високи и кај опремата без која не ќе може да се направи ревитализација и преструктуирање на нашето стопанство, односно не ќе можеме да извршиме технолошка обнова на стопанството. Од овие причини пратениците на Либералната партија сметаат дека за економија како што е нашата, развојната компонента може да се постигне преку следните мерки:

Прво, да се има ниски царински стапки во просек, особено на увозната опрема на делови, суровини, репроматеријали кои не се произведуваат или воопшто не постојат развојни можности во догледно време да се развијат кај нас.

Второ, да се прошири царинската основица со цел да не се намали фискалниот ефект во Буџетот и тоа со укинување на царинската стапка на таканаречената слободно при увозот на било кој производ.

Ова значи воведување на царина на сите производи од листата на слободно на стапка од 2%.А согласно на тоа да се намалат царинските

стапки на останатите производи, суровини и репроматеријали, со тоа што ќе се овозможи уедначување на царинската основица.

Потребно е суштествено намалување на ослободувањата и олеснувањата од царините што ги прави Владата со посебните решенија. Имено, според сознанијата кои ги имам како и од податоците што ги изнесоа претставниците на Владата при комисиската расправа беше речено дека Буџетот на Република Македонија во минатата година е пократок за околу 98 милиони долари или 55% од увозот гледан преку царинската основица. Токму поради високиот обем на ослободувања од Владата со цел да се постигнат фискалните елементи, се настојувало, а тоа го има и во сегашниот нацрт на закон за царинска тарифа, да се зголемат стапките кај останатите производи. Ова, сметам, како практика дека не е добро и дека тоа треба да се отстрани.

И самиот предлагач во образложението на законот изнесува податок дека просечната пондерирана царинска ставка изведена како износ на наплатената царина и вредност и вредноста на увозот од сите стоки во 1994 година изнесувала 2,61%, а во 1995 година 3,67%. ВО земјиште членки на Европската унија просечната пондерирана царинска заштита изнесува 5,8% и тоа во услови кога Европската унија е многу, скоро неспоредливо поразвиена од нас. Би кажал дека е потребно усогласување на царинските стапки со другите оптоварувања на поодделни стопански гранки кои што ги имаме во нашата држава. Некои царински стапки навидум се прилично високи, но ако подетално се анализира одредена стопанска гранка ќе се види дека таа царинска стапка е во овој облик во која што е дадена само привидна. Имено, би зел, најдобро ми е позната само една стопанска гранка, на пример пиварската индустрија. Со новиот предлог на царинската тарифа се предлага 40% царинска стапка за увоз на пиво. Но, и со оваа царина која што Владата ја предлага односно предлагачот при донесувањето на овој

закон ја предлага, ние нема да го заштитиме производството на пивото во нашата држава, бидејќи ќе ви кажам дека сме најоптоварена во Европа, а сметам и во светот по однос на давачки за оваа индустрија. Скоро и да не постои земја или две до три во светот кои што имаат данок на промет или акцизи на пивото, како што е нашата ставка од 60%. Во некои од западноевропските земји со кои што сега сакаме да ја мериме таа стапка е од 1 до 2%: Така и при оваа царинска стапка нема да се постигне саканиот ефект само од висината на акцизата која што овде е во нашата држава изнесува 60%, а да не зборуваме за сите останати давачки кои што ги имаме.

Следен битен момент кој што би требало да се потенцира за развојната компонента на царинската тарифа е тоа што царинските стапки треба да бидат пониски при увозот на производи во делови, отколку во готов односно комплетен производ. Ова, со цел да се поттикнува така наречената шрафцигер индустрија. Ова, барем по она што јас можев да го согледам е направено само кај автомобилската индустрија, кај останатите индустрии не е направено, па затоа имавме прилика да слушнеме и од претходните дискутанти.

Хармонизираноста на царинските стапки, особено кога се работ за увоз на суровини и производи со ниска фаза на обработка, кои се суровини за други производи или индустријата, сметам дека не е доволно постигнато. Ова се однесува на недоволната хармонизираност за производ во различни фази на технолошките процеси. Така на пример, за мене, е нелогично соодносот на царинските стапки кај маслодајната репка со сурово масло, или пак пченица со брашно, предиво со ткаенина и друго. Доколку не се отстранат сите досега наведени недостатоци на Законот за царинската тарифа пратениците од Либералната партија сметаат дека нема да се обезбеди развојната компонента.

Што се однесува до фискалната компонента пратениците на Либералната партија сметаат дека во образложението е потребно да се квантифицираат очекуваните ефекти. Имено, мора предлагачот, во овој случај Владата, барем приближно да даде одговор што очекува со новите предложени царински стапки, односно зголемување или намалување на приходите во Буџетот по основ на царина.

Би кажал неколку збора и во однос на надлежностите, кои што ќе ги има Владата, кои што се предлагаат во Нацрт-законот за царинска тарифа.

Прво, по однос на прашањето дека Владата врши промени на номенклатурата на царинската тарифа на ниво пошироко од шестоцифрените нумерички ознаки сметам дека тоа треба да биде во надлежност на Собранието, бидејќи така речено дека Владата тие промени ќе ги врши во периоди од четири години. Сметам дека Собранието како највисоко тело при донесувањето на законите треба тоа право да се допушти на Собранието а не на Владата.

Кога сме кај надлежностите на Владата сметам дека е потребно и да се дефинираат условите под кои Владата ќе има одредено таканаречено дискреционо право при утврдувањето на времетраењето за одредени количински контингенти. При воведувањето на прелевмани, при воведувањето ан други заштитни мерки. Имено, што се случува денес? Јас лично во едно сум убеден. Ние ќе го кажеме случајот со шеќерот. Исто така, да го кажеме случајот и со маслото и со било што сакате. Пред донесувањето на тие заштитни мерки, прелевмани или други видови заштитни мерки, луѓето блиски на тие кругови кои што се занимаваат со трговија ќе ги обезбедат доволно тие количини, така што донесувањето на било каква заштитна мерка после тоа ќе немаше ама баш никакво влијание. Не е сега момент, но тоа може и со факти да се потврди.

Кога сме кај надлежностите би го додал и следново, во член 3 од Законот кој што ни е предложен се предвидува дека стапките предвидени во царинската тарифа се применуваат врз стоките со потекло од земјите што со Република Македонија склучиле договор со клаузула за најголемо поврзување или со таа клаузула ја применуваат врз стоките со потекло од Република Македонија. И се предвидува врз стоките од другите земји со кои што Република Македонија нема склучено таква спогодба таа стапка да биде зголемена со 70%. ВО пратеничката група на Либералната партија сметаат дека оваа стапка треба да биде зголемена на 100%.

Во оваа прилика не би сакал подетално да навлегувам во поединечни решенија кои што се изнесени во Нацртот за царинската тарифа, за царинските стапки за одредени производи, се надевам дека останатите пратеници тоа ќе го изнесат но би сакал навистина да видам и да чујам образложение за некои нелогични царински стапки, како што е на пример несфатлива е царинската стапка од 7% за инвалидски колички Навистина, таа стапка, или пак царинските стапки кои што се однесуваат на резервните делови за возилата, царинските стапки кои што се однесуваат за медицински, хируршки или лабораториски апарати за стерилизација која што, ако не се лажам, некаде околу 16% е предвидена. Царинските стапки за голем број на приклучна механизација за земјоделството и тн. Јас морам да кажам следново пред да завршам. Многу пофалби во комисиската расправа и денес од првите дискутанти сигурно ќе имаме и понатаму имаше во однос на царинските стапки кои што се за земјоделските производи.

Јас би се согласил со тоа, но барам еве денес, доколку министерот се согласи да ми вети дека додека партијата негова е на власт и тој дека тие царински стапки нема да се намалат. Дури тогаш ќе верувам дека навистина дека тие царински стапки ќе имаат функција на подобрување

на положбата во земјоделието. Би завршил со следново, од забелешките, кои што досега ги изнесов и од почитувањето на мислењето на Стопанската комора од бројните забелешки изнесени во коментарите на јавните гласила, како и забелешките кои што беа изнесени при комисиската расправа, пратениците на Либералната партија сметаат дека овој нацрт на царинска тарифа вака како што е предложен не би требало да се усвои и дека треба да подлежи на детални измени. Јас уште отсега го знам заклучокот дека ќе биде предложен да се усвои од страна на претседателот на Собранието да се усвои овој нацрт закон со забелешките кои што денес беа изнесени, но јас просто не верувам повеќе дека било која од забележите ќе се внесе, ако барем во оваа фаза тоа не се изврши.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави Зоре Темелковски.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ова е втора фаза од расправата по текстот на царинскиот тарифник. Претходните дискутанти искажаа доста свои мислења, забелешки, што веројатно и заслужува по својата содржина и концепцискиот приод дека тоа е еден од документите што е битен за економскиот развој на државата и тоа е еден од документите, кои што овозможува трајност во планирањето на развојот на една држава. Но, сигурно сметам дека од претходните дискутанти не треба да не обземе она сознание балканско или македонско дека секое чудо за три дена, па и ова чудо како што бараме за некои клетви и заклетви од министрите дека се ќе трае подолго. Веќе еднаш треба да се навикнеме и да се ослободиме од таа неверност балканска дека имаме нешто што се сврзано се во континуитет на една или друга партија и тоа да го применуваме во вакви битни законски определби по кои што се одлучува, како што рекоа и другите дискутанти

за фундаментот, за развојот на една држава. Јас сметам дека во основа тарифникот е изработен според стандардите на светската трговија организација, со уважување на двете главни компоненти на царината, а тоа е развојот и заштитата на домашното производство, а многу малку предлагачот посветувал внимание на фискалниот дел, иако беа изречени доста заклучоци дека фискално се сака да се постигнат ефекти со овој тарифник.

Ова, исто така, може да се потврди дека Владата и нејзината експертска група не поддегнале на моменталниот распоред на политички сили кои низ овој парламент би можеле да вршат притисок за обезбедување на поповолни позиции за одделни претприемачи, менаџери, регионални или локални политичари како што одредени дискутанти сакаат да го прикажат во своите дискусии. Меѓутоа, не треба да гаипе илузии дека царинскиот тарифник ќе ги отвори вратите за стопанскиот развој без јасен концепт на стратегиска определеност на државата,без плански развој, без се она што следува при заокружување на еден стопански систем, на еден стопански амбиент. Затоа и мислам дека реализацијата на некои од одредбите и стапките во царинскиот тарифник во практична примена ќе зависат од потврдување на појасен концепт што сакаме да развиваме, кого да заштитуваме, како да обезбедиме домашното производство да биде поконкурентно на странските пазари..

Знам дека едната страна ќе одобри, другата ќе критикува кога ќе кажеме дека треба да се поздрави ставот на изготвувачот на царинскиот тарифник, бидејќи преку високите давачки сака да го заштити за сега стратегиски определена политика на сите парламентарци во овој дом, во овој парламент, и во претходниот кои што се определи за развој на аграрот во Македонија, иако слушнавме дека не се доволни гаранциите што ги предлага предлагачот со висока царинска заштита на граничниот премин на државата.

IX/8

Јас сметам дека аграрот е доволно заштитен во овој царински тарифник, а исто така и базичната индустрија која остана да работи или има некаква своја иднина. И затоа не би прифатил никакви критики на оваа релација, бидејќи ова е дамнешна определба на сите нас и од левата и од десната страна која седиме во овие пратенички клупи.

Од претходните дискутанти доста слушнав дека и мислам дека сигурно некој се посоветуваше во името на сопствената партија, али сметам дека имаше некои недоразбирања кои што се појавија и на Комисијата за стопанство па ги поистоветуваат царинскиот тарифник со царинскиот режим или со акцизите. Или пак имаше и такви констатации дека државата нема закон за царинско работење кој го донесовме во 1993 година. Мислам дека ваквите дискусии само го отежнуваат донесувањето на овој како што сите кажуваме стратешки фундаментален закон кој ќе овозможи побрз развој и побрзо рестартирање на домашното производство. Не можеме да се оттргнеме од ставот дека и овој царински тарифник не ќе претрпи некои промени и да даваме овде заклетви дека тоа е тоа што ќе оди денеска ќе го дадеме да оди во понатамошно разгледување бидејќи сигурно и овој царински тарифник ќе претрпи некакви промени после влегувањето на странскиот капитал или влегување на странските инвестиции кои се слагам во некои дискусии дека они сигурно ќе бараат и свои намалувања, бидејќи царинскиот тарифник неминовно во сите држави, тоа сигурно и предлагачот знае дека оди во една искомпонирана заедничка стратегија со даночната политика.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:** (Продолжение)

Сигурно, сите забелешки се насочени на странитe инвеститори и оние кредитори на оваа релација дека имаме превисоки вкупни давачки, а не дека имаме и во царинскиот тарифник високи стапки. Господо, не треба да заборавиме, никаде во Европа аграрот нема слобода како што има овде во Македонија. Вие гледате дека на база на аграрот паѓаат и влади во Франција и секаде, дека тоа е водечка, стратешка определба и затоа сметам дека точно предлагачот е растоварен од моменталните политички, моменталната политичка моќ во Парламентот.

Затоа, не би сакал многу да ве заморувам, бидејќи како што кажа и Томе, се гледа колкав е интересот за стратешки и фунда- ментални закони од присуството. Предлагам да не ни преовлада желбата за поединечна корекција на тарифните стапки, затоа што не можеме да ги вклопиме моменталните лични или граѓански интереси. Ако така тргнеме, најверојатно ќе направиме и меѓупровинциски бариери и нелогични реакции со што секој ќе сака во царинскиот тарифник да се наслика неговиот портрет или да го стави своето име на фирмата.

Затоа сметам треба да го уважиме трудот што е вложен и треба да го поддржиме овој предлог да оди во завршната фаза. Таму, сигурно дека, се согласувам аномалиите што се во поодредени глави и групации направени, ќе ги коригираме со амандманска расправа или врз база на оние заклучоци што ги имаме од комисиите. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Бојков.

Х/2.-

**ИВАН БОЈКОВ:**

Господине претседателе, господине министре, драги колеги,

Нормално е што овој предлог-закон предизвика огромен интерес пред се во стопанството и дискусија на сите нивоа, со давање мислења и предлози. Некои денеска овде го нарекоа фундамента лен закон што очигледно е.

Меѓутоа, очигледно слушнавме и побркани поими од страна на колегата Најдовски во неговата загриженост како ќе гласа позицијата за овој закон, ако на оваа говорница се искаже неслагање со делови од него. Мислам дека е неспорно дека поддршка на Владата не значи дека овде во овој дом од оваа говорница не се прават напори за подобрување на одредени законски текстови. Впрочем, тоа е и наша обврска и на позицијата и на опозицијата.

Јас имам огромни забелешки, како и поголем број дискутант на онаа највиталното за стопанството, тоа се царините за репроматеријали, бидејќи имам впечаток дека после укинувањето на член 53 царините за репроматеријали ќе се движат од 3 до 5 а не од 5 до 8% како што е во Предлогот. Мислам дека тогаш кога дискутиравме за тоа сите со такво впечаток отидовме од овде. Овие забелешки дадени во овој контекст мислам дека треба најсериозно да се разгледаат и внесат во текстот што ќе биде на расправа во наредната фаза.

Се согласувам дека посериозно треба да се прийде кон определување на царините за автомобили, бидејќи покрај утврдената висина мислам дека мора да се тргне со еден поинаков пристап во разграничувањето на квалитетот, на видот на автомобилите особено на автомобилите со катализатор. Акцент на мојава дискусија ќе дадам во укажувањето на проблемите во друмскиот сообраќај во Републикава, односно да укажам на тешките состојби во друмскиот сообраќај во овој период свесен дека наидува уште потежок период.

Имено, знаеме, а и од оваа говорница и на сите нивоа во државава јавно е кажано што на свои плеќи изнесе друмскиот сообраќа во годините позади нас, во услови на ембарго на блокади на патните правци, и во услови на неможност на железнички превоз. Каква ситуација успеа да прегрми друмскиот сообраќај, какви патишта, какви граници, каква голгота успеа да поминат транспортерите по едни ненормални заобиколни патишта до целта на превозот, со тоа што еден превоз до Европа можеше да трае 20 до 30 денови во двата правци. Во едни такви услови протокот на роба во двата правци не застана, не затаи преку овој вид на превоз успеавме, особено во тие судбоносни денови на развој на нашата држава и стабилизирање на нашата држава протокот на роба сепак да го задржиме.

Меѓутоа, каква е сегашната состојба? Условите за блокади и ембарга предизвикаа една нормална бројка за потребите на македонскиот и поранешниот југословенски пазар, а таа нормална бројка од секогаш била некаде околу 3.000 возила, во овие новонастанати услови на ембарго да се качи до близу 10.000 возила. Огромен број на возила влегоа во Републикава се со цел дека ќе успеат да обезбедат работа и профит.

Во денешниве услови ситуацијата е таква што тој број на возила очигледно е несоодветен на потребата и можностите на наше стопанство за работа не само во земјава туку и за работа во странство, особено после симнувањето на ембаргото во Југославија, во СРЈ каде што навистина голем број наши капацитети имаа уставен пазар на работа.

Што не очекува во наредниот период? Очигледно мора тој несоодветен број на возила да се сведе на оптимално потребниот број возила, некаде до 3.000. Тоа е сходно на вистинските потреби на нашето стопанство што го диктираат и пазарните услови и смалувањето

на бројот на возилата значи и смалување на бројот на вработените во овие претпријатија. Бидејќи очигледно не сме ни курентни да работиме не само во нашава држава, туку и во соседните држави, затоа што очигледно бугарските транспортери со погодностите што им ги пружа нивната држава се конкурентни од нас.

Некој може да рече дека во една оваква ситуација со оволкав број ан возила не е потребен увоз на возила, според тоа, не е битно во овој период колкави ќе бидат стапките за царина на возилата. Меѓутоа, факт е дека во Европската унија стапуваат ЕКО- прописите, ЕКО-1 и ЕКО-2 кои што ограничуваат кои и какви возила со какви квалитети и услови можат да возат низ Европа, посебно во Европската унија.

Според тие критериуми само меѓу 5 и 10% од нашиот возен парк која што и онака старосна структура со 10-15 години ќе може во иднина да работа во Европа. Во Европската унија. Тоа е еден голем аларм за сите нас бидејќи тоа бара една голема и жива инвестициона активност особено во овие најтешки услови кога можностите за инвестиција се никакви. Фактички, кој ќе успее сега да инвестира да купи нови возила ќе може да смета во наредниот период и да работи, а кој не ќе успее очигледно ќе мора тие возила да ги претвори во старо железо.

Во една таква ситуација со објективните можности на железничкиот сообраќај такви какви што се, државата мора витално да се заинтересира да се вклучи во помош на друмскиот сообраќај, да овозможи подобри инвестициони услови, кредити, а шанса и преку креирањето на царинската политика тоа да го направи.

Мислам дека оваа гранка особено во овој момент како ни- когаш порано очекува помош од сите наведени причини и мислам дека со овој закон а и со други закони може да се олесни работењето во друмскиот сообраќај.

X/5.-

Јас барам максимална либерализација на увозот на возила, резервни делови и гуми, затоа што впрочем зголемувањето на цената на возилото влијае на зголемување на цената ан превозот, понатаму а цената на превозот очигледно влијае на зголемување на цената на сите производи. Тоа е еден ланец што на крајот како бумеранг ќе ни се врати на сите нас.

Ако ова не го согледаме и во овој момент не пружиме таква помош, не успееме да го обновиме возниот парк, очигледно ќе останеме затворени во еден резерват без врска со светот. Ќе биде отежнат довозот и одвозот на стока во нашава земја и ќе изгубиме една гранка која што не само што вработува голем број вработени, туку и со години station наназад носи добри девизни репири. Мислам дека е шанса со овој закон да се поддржи друмскиот сообраќај и да се направат максималните олеснувања кај него од овие причини што ги наведов.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Најдовски реплика.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Само накратко, не ме зачудува, не е првпат г-динот Бојков паушално да ги оценува моите дискусии. Но добро секој има свое право.

Кога рече дека сум ги побркал поимите се надевав дека аргументирано ќе укаже на некои работи што јас ги изнесов. Но, за моја среќа уште повеќе ги потврди со неговата дискусија во однос само на една област што ја разработи а во што целосно го поддржувам и нормално човек да се бори за тоа каде што секој го засега.

X/6.-

Уште една благодарност што пред тоа беше речено дека сум изнесувал дека некој треба да вети, па балканскиот менталитет не е таков да се исполни. Мојот менталитет, сепак, иако сум од Балканот е кога ќе ветам да ги исполнам. Му благодарам на г-динот Бојков што го потврди тоа што го кажав дека г-динто Јане Миљовски овде ни вети дека стапката ќе биде од 3 до 5 а сега е од 5 до 8% Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;:**

Господинот Бојков, реплика.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Воопшто не реагирав ниту ми беше целта да ги испорам наводите во дискусијата на г-динот Најдовски. Само непотребната негова загриженост за тоа како ќе гласаат пратениците од позицијата и во тој контекст реков дека побркани поими, бидејќи, уште еднаш да го дообјаснам тоа, поддршката на позицијата на Владата не значи одговорност и обврска на пратеникот на оваа говорница, работејќи по овие законски текстови, не прави континуирани напори за подобрување на законските текстови. Таква загриженост навистина не е потребна.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Фаик.

**АБДИ ФАИК:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Редно е и добро е ние да се оттргнеме од се она што било старо. Царините итн., донесуваме разни одлуки, половични одлуки итн. Добро е што денеска ние во една средна фаза го разгледуваме нашиот предлог.

Јас не би сакал да се мисли и да се замисли како да е ова предлог на една партија како да е предлог на, што ја знам што туку да се мисли

за целото стопанство, за нешто живеење, да се мисли за нашата можност за извоз а тоа значи за се она што доаѓа од надвор како помош односно како кредити за модернизација и реконструкција на нашите капацитети, за поголемо користење на капацитети, вработување на невработените, за добар квалитет, добар пласман на пазарот, но за тоа треба да бидеме поевтини. Да имаме многу производи што се произведуваат тука и треба да ги заштитиме и добро е што имаме такви мерки овде. Меѓутоа, имаме и доста производи што ги немаме во РМ, ги увезуваме. Мораме да бидеме поеластични.

Ја молам Владата да биде поеластична во конечното обликување на овој систем на царини заради тоа што може да се доведе до постоење на капацитети, постоење на купувачи во земјата и во странство, а цената да биде таква што ќе не бие и не ќе можеме да произведеме за магацин. Немаме толкави големи обрни средства и никој нема толкави средства за да може ефикасно да го растовари вртежот на средства, да биде што помал и ќе дојдеме на она што едно време беше, па можеби и полошо од ова.

Базирајќи се на овие работи што ги кажав, сакам да кажам нешто за хартиената индустрија во РМ, на која мислам дека не и посветено доволно внимание овде, во овие предлози.

Наиме, кога би се користеле капацитетите во РМ од хартиената гранка ние би имале некаде амбалажа, потрошна амбалажа и побарувачка околу 60 илјади тони. Сега, се знае дека нема тоа. Поради тоа што нема каде да пласираме, односно тие што треба да купат немаат свои производи односно не може да ги пакуваат своите производи пада ги продаваат внатре или надвор итн., ме разбирате што сакам да кажам.

Сакам да кажам дека сигурно ќе дојде време, многу кратко време, можеби две години, три години, пет години кога ќе може и ќе имаме и пазар, а ќе ги користиме и нашите капацитети. Тоа значи убава амбалажа, убава естетика и така купецот ќе му биде привлечено така вниманието. Друг начин нема.

Овде, во Предлогов има некои работи кои што малку ми се чудни. Да речеме, нема што да заситиме производство на теслајнер, на целулоза, на теслајнер, на клафлајнер, тие се меѓународни изрази за овие хартии од кои се произведуваат, влегуваат во состав за производство на брановидна плоча од која се произведува понатаму кутии за опаковка на разни производи, почнувајќи до микровал, во која се пакуваат одредени лекарства, па двослојна лепенка за сијалиците што се пакуваат, па трослојна, петослојна и седмослојна лепенка

**ФАИК АБДИ:** (Продолжение)

Понатаму, производството на натон хартија што овде е кажано некаде со 7 некаде со 13%, сакам да речам дека ние овде во РМ немаме многу производство. Ние немаме шума, ние немаме целулоза, ние немаме таква хартија. Кога бевме заедно со Југославија, единствен производител во таа заедница беше "Натронка" од Маглај. Таа сега е уништена од војната, но веројатно ќе се поправи ситуацијата, па и од нив ќе купуваме. Сега купуваме од Бугарија, и тн., од некаде како партали доаѓа, неквалитетна, од некаде многу квалитетна, но увозните давачки се многу големи. Така за краф хартија се предлага крахлајнер не белен 7%, па краф хартија за вреќи исто 7% и други, сулфидна белена, сулфидна небелена хартија, таа за кесички и тн., 7%, па дури се оди на хартија и картон повеќеслојни. Тоа е лајмен картон. Понатаму, од ставката 4805600010 флутинг од стара хартија. Флутинг од стара хартија не може да биде. Флутинг од специјална хартија што се добива од целулоза и некои други примеси, а не од стара хартија 13%, па уште некои други хартии. Потоа долу краф хартија за вреќи, крепирана и тн. 12%. Значи, се движи од 7-12%.

Јас сметам дека треба да ги олабавиме малку овие фабрики, да речеме мојата ф-ка произведува плочи, а сите други картонажи во РМ се купуваат од "Комуна" и прават за своите производи и продажба опаковка. Значи мојот предлог е, почнувајќи од 4.808, краф лајнер па 4.805, 4.806, 4.807, 4.808, овде царинската ставка да биде 2% и ништо повеќе. Ако ова вака биде тогаш ќе им дадеме можност производството на амбалажа односно производството на лепенка да биде поевтино, картонажите да купуваат поевтини производи од оние што произведуваат, се разбира од "Комуна" и крајниот потрошувач да биде поевтин со своите производи

надвор и тука, внатре во РМ. Да речеме од натон хартија се прават натон вреќи во кој се пакува цемент. Натон хартијата зазема некаде 90% во вкупната вредност на производот. Тоа е голема работа, при производството на вреќи. Ако нема малку припомош тука, ние ќе направиме голема грешка. Сакам да кажам дека овие царински стапки се големи и мислам дека треба да бидам само 2%. Молам Владата нека размисли, нека контактира и со производителите и нека видат дека треба да има соодветна добивка со која ќе можат да репродуцираат и да бидат компатибилни во цената. На запад ако бидеме компатибилни во личниот доход, ако бидеме во социјала компатибилни. очекуваме да бидеме во Европа очекуваме дека бидеме и во онаа друга смисла, во финансиска смисла како Европа. Секако се што правиме на таа линија за да можеме да ги користиме капацитетите што повеќе да вработиме луѓе што се без работа, а нивното вработување зависи и од тоа како ќе го донесеме овој систем на царински давачки. Сигурно за 2-3 години можеби и 5 пак ќе разговараме за царински давачки.

Исто така ги поддржувам дискусиите што овде беа околу возилата, дека се високи царинските стапки бидејќи ние немаме фабрика за возила, па Владата нека поразмисли. Не е лошо се она што е старо, што ја загадува човековата околина да се тргне од промет. Камо среќа тие сопственици, газди да можат да купат нови коли,сигурно еколошкиот момент ќе го направи своето. Ќе живееме во подобра средина.

**ЈОВАН СРБИНОВСКИ:**

Г-дине претседателе, господа пратеници, претставници на Владата. Јас немам намера да го пофалам изготвувачот на законот,

затоа што и не е време сега, ова е нацрт закон, можеби ќе дојде фалбата кога ќе дојде предлогот на законот и кога сите овде барем ќе бидеме задоволни со решенијата, од овој закон што ќе биде донесен

Јас едино би сакал да кажам, кога се дискутира за законот не би требало да се внесува партиска определеност, или некоја сфера не повеќе протежирана и тн. затоа што како стопанство, а и од оној дел на стопанството што доаѓаме многу сме измешани, еве јас доаѓам од извозното стопанство, па има многу претпријатија кои се извозни а што работат и во другата сфера на стопанството.

Меѓутоа, јас би сакал да кажам дека сега е време одредени недостатоци од законот, општо гледано, а поготво посебно гледано од интерес на пратеник кој доаѓа од една сфера на стопанство да се укаже на одредени недостатоци на овој закон кој може да имаат далекосежни последици по идното работење, поготово на извозното стопанство.

Јас нормално, доаѓајќи од Тетово и Југохром, не можам до детали да зборувам што законот ќе даде или ќе одземе за други сфери на стопанството, на пример за текстилната индустрија. Тоа сигурно пратениците од текстилната индустрија тоа ќе го кажат подоцна и потемелито, но можам д кажам за црната и обоената металургија низ призната на Југохром.

Гледајќи ги тарифните ставки и увозните компоненти кои влегуваат во извозното стопанство, а кое е максимално ориентирано на извозот, затоа што Македонија е мал пазар, конкретно Југохром на полето на феролегурите 100% ориентиран на извоз, а за 50 милиони долари производство потребни се цирка 20 милиони долари увоз. Секој процент во царинската тарифна стапка има огромно влијание на работењето на претпријатието. Јас морам да кажам дека единствена олеснителна

околност во овие 3 години на битисување за извозното стопанство, беше членот 53 од Законот за царина во кој плаќавме само царинска евиденција на увозните компоненти кои влегуваат во нашите производи.

Бидејќи гледаме дека со макроекономската политика и оваа година која е рестриктивна, каде нема некои конкретни предлози за оживување на извозното стопанство, воведување на поново, конкретно за Југорхром сега плаќање во просек царина од 12% и нови оптоварувања од 2,5 милиони долари дека нема ни теоретска шанса како понатаму да продолжиме да работиме. Тоа е вака принципиелно и општо речено зашто би важело за целото извозно стопанство во Македонија.

Ако би се земале тарифните стапки кои конкретно Југохром го тангираат во овој момент, само ќе кажам дека има апсурдни нелогичности кои не може да се бранат ниту со стандардите на Европската заедница, ако член 53 не е во тие стандарди, дали е во тие стандарди, на пример за едни феролегури царинската ставка биде 2% за други да биде 20, 16 и тн. кога и едните се феро легури и другите се феро легури, никој не ги користи во Македонија, сите се за изво9з, конкретно ќе кажам за феро манганот и силико манганот, кои имаат царинска стапка 2%, а феро силициумот, феро хромот, силико хромот, никелот, се движат некаде од 16 до 20%. Јас би го молел изготвувачот на законот тоа да го тоа предвид и таа аномалија се исправи затоа што ние произведувавме феро хром високо јаглеunion ороден и го напуштивме тоа производство од оправдани причини: транспортни трошоци, скапа суровина и тн. Го напуштивме производството и на силико хром секако во корист на производи кои се поконкурентни, поевтини и поприемчиви за нас, а сме во ситуација да мораме да ги увеземе, конкретно силико хромот кој е како полупроизвод за производството на феро хром и ако платиме 16% царина, а само неговиот увоз е 4 милиони долари.

Тогаш тоа е цирка 500, 600 илјади долари само по една ставка. Ајде да се одлучиме да го произведуваме ние во Југогром, тогаш треба да увеземе високојаглеонороден феро хром. Тоа се 3 илјади тони и по сегашни цени тоа е околу 3 милиони долари, повторно по 20%, тоа се 600 илјади долари. Мислам дека изготвувачот на законот треба да ги имас предвид тие моменти и царинските ставки да ги сведе барем на ниво на фероманганот и силикоманганот кој веќе се тарифирани и предложени во нацрт законот. Тоа се факти кои многу лесно се проектираат, може да се пресметаат и овие два посто е веќе дуплираше на она што досега сме го плаќале, а има стапки преку 15, 16, 7, 8%.

Јас сум за тоа, ако не може членот 53 да остане во сила, тогаш за извознтие претпријатија на кои извозот им е повеќе од 80% на странскиот пазар, сите репроматеријали и резервни делови да не поминат повисока стапка од 2%. Тоа е она што сега стопанството може да го плати. Камо среќа да дојдат подобри времиња, поголема кумулативност, поголема конкурентност. Тогаш секако дека овој ист парламент овде ќе биде во состојба ова и да го зголеми.

Не би сакал за другите области многу да зборувам, многу дискутанти овде го кажаа тука. Меѓутоа, сепак ќе треба овој закон, барем во голем процент да ги задоволи сите стопански субјекти во Републиката, затоа што е за нив, дефакто и за мене.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, за мене е несфатливо една партија да се изјаснува за негласање на овој закон, па макар да е тоа опозициона, кога знаеме дека ова е прв наш закон кои

треба да го донесеме, досега го користевме бившиот југословенски закон и уште повеќе што овој закон е нацрт закон Напротив преку нашите укажувања мислам дека Министерството и Владата сето тоа ќе го прифати и ќе направи еден добар закон за во наредната фаза.

Јас конкретно ќе се задржам на одредени тарифни броеви и преку овие конкретни укажувања ќе придонесам во наредната фаза да бидат усогласени некои царински стапки.

Конкретно на почетокот сакам да кажам дека кај тарифниот број 1001 потоа 1205, 1209, што се однесува на семенски култури односно тука се предвидени семенска пченица, семе од маслинова репка, семе до сончоглед, сено од шеќерна репка и семе од луцрка, мора да се има предвид дека само така кажано на пример семенска пченица или семе од маслинова репка со царинска стапка од 20 односно 25% навидум е добро, меѓутоа кај таа семенска пченица имаме родителски парови и елитно семе кое кај нас не го произведуваме и кое без тие родителски парови и елитно семе нашата репродукција ќе спласен односно ќе ја немаме за наредниот период. Мислам дека овие царински ставки треба да бидат намалени односно да биде додаден нов тарифен број за родителски парови и елитно семе, кај сите тие култури.

Понатаму, имам забелешка и предлагам да се намали царината за инсектициди и фундициди, готови препарати на 1212 односно 380810 и 380820. Мислам дека 20% е висока стапка. Замислете, ние секогаш едно исто повторуваме, на пример ќе ја земам пченицата, дека пченицата има висока цена. Ако сакаме ние да се рамниме со европски цени, тогаш мораме да дозволиме, сепак, да имаме и на репроматеријалите пониски односно исти давачки како и останатите европски земји. Затоа сметам

дека едно е што ги немаме сите инсектициди и фундициди во нашата држава, друго сепак добро би било за земјоделието овие царински стапки да бидат пониски,

Понатаму, на тарифен број 8424, се однесува на прскалки и запрашувачи направени за монтирање на или возени од земјоделски трактори. Таму царината е 10%.

Исто така и кај 8432: плугови, брани, армирачи, култиватори, машини за сеење, машини за садење, растурачи на минерални или хемиски ѓубрива исто така 10%.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:** (продолжение)

Не само што во моментот немаме вакви машини односно некаде се направени обиди за правење на оваа приклучна механизација, сметам дека во наредните пет години односно 10 години тешко дека во нашата држава ќе направиме квалитетна приклучна механизација. Би било добро овие стапки да бидат намалени максимум на 2%.

Понатаму, преси за балирање слама и сено, машини за молзење 8433 тарифен број предвидени се 7% царина, мислам дека оваа стапка е доста висока, бидејќи воопшто ги немаме во нашата држава, не произведуваме вакви машини.

Сите видови на комбајни 8433 и трактори 8701 тоа се земјоделски трактори се предвидени со 2% царина, добро е што е доста ниска царината, но не би рекол дека е доста ниска кога кај нас воопшто ги немаме во наше производство мислам дека и овие 2% треба да се напишат да бидат слободно.

На крајот би кажал дека сепак и покрај она што беше кажано за земјоделието дека попатно ќе се види или не знам што друго, мислам дека сепак земјоделието со овие исправки што претходно ги спомнав има добра прилика да биде заштитено и да си го добие своето место во државата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Михајловски.

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа.

Јас кога овде во оваа сала го гледавме Предлогот за донесување на закон за царински тарифи исто така учествував во расправата и имав неколку забелешки, сметам дека предлагачот во оваа втора фаза направил едно движење напред во смисла на подобрување на текстот односно она што беше залагање на стопанствениците и на нас овде како претставници односно пратеници, меѓутоа, сметам и стопанствениците

со кои разговарав во изминатите денови посебно во Стопанството од Битола се на мислење дека она што е како исчекор направено треба до крај да се заврши односно она што е определба во Нацртот односно во Законот да се доведе до крајна консеквенца односно да се овозможи намалување на царинските ставки или дури укинување на одре- дени carински ставки кај оние производи кои како стопанство, нагласи и на таа седница, не ги ни произведуваме ниту имаме шанса заради технологијата и природата на работа да се произведуваат кај нас.

Од друга страна со одредени мерки кои би требало да се вградат односно со промена на овие интересни стапки кај одделни производи би се овозможило развој на такви капацитети кои во Републиката ни се на број или како еден производител се јавува се со цел на некој начин да го заштитиме домашното производство. Имено, оваа што генерално го кажав би се обидел поединечно да го кажам, имено, фабриката за шеќер се на мислење дека царинската стапка од 12% која е предвидена за суров шеќер односно за шеќерна репа дека би требало да изнесува 2%, со оглед на тоа што еве веќе неколку години наназад фабриката за шеќер се користи некаде околу 30% од својот капацитет, а од друга страна се увезуваат огромни количества на шеќер што на некој начин ја доведува во навистина тешка ситуација овој преработувачки капацитет во Републиката.

Имено, со овој Предлог кој доаѓа од фабриката за шеќер за намалување на царините на 2% или дури слободен увоз на суров шеќер затоа што тој како таков не може да се користи во широка потрошувачка туку, исклучиво како репроматеријал или полупроизвод во фабриката за шеќер би се овозможило за зависноста на Републиката од готов производ на бел шеќер се намали на минимум мислам на увоз, а од друга страна е искористувањето на овој капацитет би се намалиле и тие тензии економски и социјални кои постојат во овој капацитет.

XII/3.-

Имено, само за илустрација да кажам дека фабриката за шеќер со шеќерна репка задоволува некаде 20 илјади тони се добива шеќер од шеќерна репка и 20 тони се добива со преработка на суров шеќер, меѓутоа, сето тоа би претставувало само 8 0% од потребите кога 100% би се искористил капацитетот на фабриката за шеќер би се задоволиле потребите на Републиката со 80%. Затоа нивното барање е увозот на суров шеќер да биде без царини или со минимална царинска стапка од 2% со тоа што би се овозможило оптимално искористување на производствените капацитети на фабриката за шеќер.

На седницата кога го гледавме предлогот за донесување на закон се задржав на подгрупата 4810, точка 1 хартија и картон за пишување, печатење и графички цели кои од вкупното количество на влакна содржат над 10% од влакна добиени со механичка постапка со маса над 150 грама во метар квадратен. Исто така кажав дека тој така наречен хромокартон е производ кој во целост се увезува затоа што во Република Македонија нема природни услови ниту пак е стопанско подрачје и пазар кој ќе може да го апсорбира производството на таков капацитет така што се смета во еден долг временски период потребите на оваа графичка индустрија би се задоволувале само од увоз.

Од предлогот до нацртот е направено едно поместување од 15 на 10% е намалена царината, меѓутоа, барање е на графичката индустрија кои го користат хромокартонот таа стапка да се намали ан слободен увоз или на минимални 2% со тоа што на некој начин производството ќе стане далеку поевтино, поконкурентно затоа што некаде до 50% и повеќе кај поедини производители од производството го пласираат на странскиот пазар, а од друга страна и како производ кај други фирми тука се наведени Македонија табак, кој го пласира своето производство во 80% надвор од Републиката , Европа Скопје, Агроплод-Ресен, ОХИС, Алкалоид, Отекс, итн ., како амбалажа на нивните производи учествува во извоз9от од страна на Република Македонија и на тој начин би

претставувало додатен стимул на намалување на цената односно намалување на царинската стапка на овој производ во вкупното чинење на производот.

Во контакти со стопанствениците имаме барање од фабриката односно Пиварата од Битола, онаа стапка од 40% да се зголеми на 60% може би и повеќе, затоа што Пиварскта индустрија се наоѓа во тешка ситуација посебно во последно време со воведување на додатни царински стапки од страна на соседните земји така што тој пазар на соседните држави е неатрактивен затоа што со тие заштитни мерки, заштитни царини што ги воведува на пример Албанија, за пивото, заштитна царина од 105%, нашето производство, производството на Пиварската индустрија е веќе неконкурентно на тие пазари и на некој начин со зголемување на царинската стапка би се овозможиле поблаго пријатни услови за стопанисување на домашниот пазар на оваа индустрија.

Исто така, има барање од групација на преработувачите на стакло да се намалат царинските стапки посебно за флот-технологијата од 7003 до 7 009, затоа што овие производи кај нас не се произведува- ат и од друга страна бараат намалување на царинската стапка на тие производи во сурова состојба, а зголемување на царинската стапка на полуфабрикатите или производите кои ги произведуваат овие производствени капацитети од овие видови на стакло посебно во групацијата 7009 каде имаме производи на стакло вклучувајќи ги и ретровизорите врамени, неврамени, имено, неврамените ретровизори бараат да се намали стапката на 5%, а на она што значи повисока фаза на обработка да се зголеми со тоа што ќе се заштити домашното производство од 13 на 25 односно кај ретровизорите од 10 до 16%.

Ова беше едно барање од група на организации, на претпријатија од Битола кои сметаат дека навистина е направен напор да се подобри текстот од Предлогот за донесување до Нацртот, меѓутоа, смета дека

сега во оваа фаза односно од втората до третата фаза во предлогот на законот би требало и овие работи да се вградат во Законот за царинските тарифи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Здравко Стојковски.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседтеле, почитувани пратеници. Со поставувањето на дневен ред на Законот за царинска тарифа на ова Собрание иако сеуште во Нацет пред пратениците всушност се наметнува една мошне одговорна задача. Иако требаше многу порано да биде донесен, а поточно речено уште со донесувањето на пакетот на економски закони што Владата ги донесе уште во претходниот парламент.

Секако со донесувањето и на овој закон не се заокружува во целост системот на економските закони, а без нивно функционирање на стопанските субјекти во државата е многу тешко.

Гледајќи го овој закон од сите негови димензии дали развојна, заштита или фискална не може, а да не се наметне фактот дека тој треба да се гледа и усогласува со двата претходно донесе односно Законот за царините и Законот за данок на промет, а од самиот текст и образложение тоа не може да се види. Овде предлагачот ги зел во предвид сите негови димензии. Од самите изготвувачи и претставниците на Владата на Комисијата за економска политика и развој беше потенцирано дека при изготвувањето на истиот се пошло од основниот принцип дека овој закон ќе ја поттикне развојната компонента на нашето стопанство односно овој закон треба да поттикне освојување на ново производство. Јас се прашувам како. Македонија како мала земја по малку и огромен пазар принудно е принудена да биде отворена земја и за увоз и за извоз. Ниедна стопанска гранка, ни едно претпријатие освен оние кои имаат монополски локален значај не може да опстане ако

својата развојна стратегија не ја насочи кон надворешниот пазар.

Во рударството и металургијата зависно од надворешните па зари зависноста од надворешните пазари е дури 100% ако се исклучи трошокот на работната сила и електричната енергија лимитирана како суровинска гранка изложена е на непредвидени осцилации на цени на светските берзи каде својата шанса не може да ја гледа во зголемување на извозната цена туку во намалување на трошоците на производство. Но, како ќе ги намали трошоците кои неминовно се наметнуваат со закон, а нив светот не ги признава. Поради Природата на својата дејност рударското производство е принудено да употребува производи кои се произведуваат исклучиво од мултинационалните компании кои производи Македонија нема шанси да ги произведува. Како пример ќе ги наведам ксијанидите, ксантатите, пенителите, и др. кои или се произведуваат во една или најмногу во две или три компании во светот. Тогаш која е нашата шанса да произведуваме или да бидеме во преговарачка позиција за договарање на цените. Овие производи по наше мислење во царинската тарифа треба да бидат со слободни царински стапки, бидејќи се работи за производи од увоз чија бројка е поголема од 13 илјади единици , тука зборувам за рудниците, опрема, делови и репроматеријали за царинска тарифа, рударството да го има истиот третман како и цивилното воздухопловство т.е. после тарифниот број да стои за употреба во рударството - слободно. Доколку и ова е неприфатливо барам мислењето на комората и рудниците да биде максимално респектирано.

Беше спомнат членот 53 од Законот за царини чија важност се до донесувањето на овој закон на повеќе пати беше актуелен до некаде го решаваше нашиот проблем. Иако тоа што од поедини фирми е злоупотребуван мислам дека произлегува од неизготвените упатства

спрема став 4 од истиот член 53 тоа требаше да биде направено до сега и за злоупотреба немаше да има простор. Еве пример. Увезуваме експлозив, и точно се знае нормативот по произведен тон руда, слично е и со другите нормативни материјали.

06јаснувањето дека членот 2 од нацрт законот за царинска тарифа односно решавање преку царински контингент не е решение, бидејќи ако се има предвид дека четврти месец не е одобрен ниту еден контингент од увоз на стока, тогаш доволно укажува на проблемот што ќе следи потоа.

Конкретни забелешки.

Во глава 40 тариф.бр.4011 кај што стои нови надворешни пнеуматски гуми вклучувајќи ги и тубелес гумите, предлагаме тарифен под број, значи после 4011, 200012, гуми за дампери што се употребуваат во рударството со тарифна стафка од два проценти. И кај внатрешните гуми тарифен број 4013, под број 109022, внатрешни гуми за дампери што се употребуваат во рударството со стапка на царина од два проценти, бидејќи за истите се пресметува и данок на промет со 5%.

Што се однесува до главите 82 до 88 односно тарифни броеви од 8201 до 8805 каде во најголем дел се сврстани опремата и деловите за рударството и металургијата може да се констатираат високи царински стапки, а посебно зачудува фактот што резервните делови се со особено високи стапки просечно 16%. Ако знаеме дека во Законот за данок на промет на резервните делови се плаќа уште 5%, тогаш вкупните давачки за увоз на резервни делови се евидентни и изнесуваат 23%.

Бидејќи рудниците користат мобилна опрема потрошувачката на деловите кај овие машини е изразена многу повеќе во однос на стабилните машини, па спрема тоа и трошоците за одржување ќе бидат

зголемени што не ќе може да го поднесе производството. Затоа предлагаме опремата што ја употребуваме во рударството и резервните делови и одржување на истата се примени стапка од 2%.

На крајот забелешка на членот 5 се однесува на царинењето на резервните делови, наместо да се распоредуваат на 5 и повеќе различни царински тарифни стапки на царинската тарифа да стои три и повеќе од причина што најчесто се нарачуваат итни испораки на резервни делови со различна царинска стапка која во однос на опре- мата за која ќе се користат Се со многу повисока царинска стапка. Се работи за делови од три до четири позиции по порачки.

XIII/1.- ЈП/ЈБР

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Панче Насев

**ПАНЧЕ НАСЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, Колегата Стојановски овде јасно кажа што ние се договоривме на Комисијата за стопанство. Јас не би сакал тоа да го повторувам бидејќи тоа го кажа и мислам дека ќе биде корисно и министерот истата иницијатива ја прифати, бидејќи забелешките од стопанството ќе бидат корисни и за самиот него, а исто така и за вкупното стопанско живеење во Републиката.

Овде беше кажано дека овој закон е многу важен за севкупното стопанско работење во Републиката. Јас се сложувам со тоа. Добро е што оди во три фази бидејќи може добро да се искористи времето сите пропусти да се отстранат. Тешко е сите функции што ги има овој закон, тоа е функцијата заштита на стопанството развојната функција, фискалната функција така да се компонира и сите да бидат задоволни. Тоа е јасна работа дека е тешко. Меѓутоа, ако ние имаме една јасна стратегија на развој за нашето стопанство во наредните години, тогаш ќе ни биде многу полесно да ги одредиме гранките или фирмите кои ќе влезат во таа заштитна функција на овој закон, а исто така има уште една функција овој закон, а тоа е функцијата да се прави стопанството конкурентно, не само на домашниот пазар, туку и на странскиот пазар. Ја сум сигурен во една изработка на стратегија за развој на Републиката во наредните 10 или 20 години. Текстилната индустрија на која јас припаѓам ќе најде свое приоритетно место и ќе добие одреден третман. Ако е така, тогаш оваа индустрија треба да биде заштитувана и да се настојува кроз законот да се направи рентабилен и конкурентна на овие пазари што ги спомнав. Меѓутоа како што е изнесено во предлогот, текстилната

индустрија, посебно конфекцијата воопшто не е во таква положба ставена. Имено, во стариот царински тарифен правилник стои дека царина за увоз на репроматеријал: т.е. метража за конфекциите царината беше 18%, а сега со новиот предлог е меѓу 20 и 25%, што значи се зголемува од 10 до 30%. Во едни такви услови оваа индустрија не може да биде конкурентна, пред се на овој пазар, на македонскиот, а исто така и на странскиот пазар. Јас само за еден пример ќе ви кажам во Астибо. Таму постои фабрика коа произведува детска конфекција. Постои веќе 30 години беше една од најдобрите во Југославија. Цели 5 години наназад таа не произвела ниедно детско фустанче за македонскиот пазар. Зошто, затоа што мора да се плака царина на увоз, адекватни ткаенини од 46% со сите давачки сега и затоа што има уплив на стоки во Македонија од разни пазари од нашата околина, кои не подлежат или подлежат на мали царини, или паушално се царинат итн. и практично цели делови од текстилната индустрија се ништат. Тоа е примерот со купаките костими, костимите за капеше, вратоврските и друго. Според тоа, ако царината на метражата е од 20 до 25% , а исто така на готовиот производ е царината е 25% тоа автоматски форсираме на увоз на готова конфекција,а не ја прашуваме нашата индустрија. Според тоа, мислам дека метражата не е готов производ, најдете трговија во Скопје каде се продава метража. Може да најдете една или две продавници во Скопје Никој веќе не сака да купува метража па да шие нешто што го има во изобилство готови производи сошиени. Според тоа, тоа не можеме да го третираме како готов производ. Ако готовиот производ има 25% од царината, а памукот 2% или без царина метражата треба да си го најде своето место до 5%. Да не е нула, нормално бидејќи тоа е една суровина, полу производ, готов производ. Исто така, со членот

53, јас бев еден од тие кои предложи овде членот 53 да се укине, бидејќи беше и со закон речено, предлог беше на законот од 1 јануари да се укине а јас реков да не се укине веднаш, туку со стапувањето на сила на овој тарифник да се укине членот 53. СЕга сите ми замеруваат за тоа. Меѓутоа, министерот вети дека ако тоа го направиме, ако тој предлог го прифатиме, суровините и полупроизводите, а тој знае јас од која гранка припаѓам, ќе беше од 2 до 55. Тоа јавно го ветив тука пред сите. Тоа беше претходниот министер Јане Мињовски. Според тоа ние не сме деца сега да се лажеме и да се фаќаме натпревара. Овој член 53 ке направи големи проблеми, посебно во текстилната индустрија веројатно секој си зборува за себе, бидејќи многу производ, кои се увезуваат како метражата кај нас, ние ги кофекционираме и ги извезуваме и го користиме овој член. Ја се сложувам дека овој член е и на друг начин доста користен, сега да не кажам што, и од тие причини предложив да ја нема таа друга функција, туку да има само една функција, тој да се избрише и да има 2% царина сите да ја плаќаме макар и со 2% да бидеме понеконкурентни на Запад. Конредно, Астибо, 10 до 15% од производството се одвива вака. Партнерот ке каже што да купам, купувам метража, ја преработувам и ја враќам. Ако плака 25% царина, го нема членот 53, јас тој дел од работата 15% од капацитетите треба да ги затворат. Нема шанса тоа да го одржавме. Според тоа, треба , за тоа се добри контактите и јас мислам дека во Комисијата добро се сфативме и луѓето кој го произведуваат овој предлог добро сфатија и мислам дека тука ќе се најде решение.

Понатаму, за машините, за шиење 7% царина. А преса, 16%. Машината за шиење и пресата се еден исти дел од производот. Едното шие, едното пегла.

Второ, пресата е толку скапа што ретко кој во Македонија малите

фирми ја купуваат затоа што е скапа и производот не можат до крај да го направат квалитетен. А пресата е доста корисна, старите рекле пеглата ќе исправи се. Сега наместо на пресите уште повеќе да ја намалиме царината, бидејќи тоа го финализира производот и го прави онаков како што треба да изгледа, ние сме ставиле дупло царина. Мислам дека и на машините за шиење треба да биде до 5 и тука треба да се најде и пресите и другите машини. Така, функцијата ќе добие функцијата на тарифник ќе добие функција на развој. Инаку, вака ја нема таа функција.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

Има збор г-дин Наумовски.

**СИМОН НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и г-да, ние членовите на Комисијата за стопанство одржавме две седници по овој Нацрт на закон на кој на првата едногласно побаравме одложување на расправата за 20 дена поради одредени причини искажани на седницата, а на втората на 11 овој месец се сложивме на оваа седница да се расправа по него прифаќајќи ги во целост ветувањата на предлагачот дека се она што го баравме,а и се бараше од Коморската расправа најголемиот дел ќе биде вградено во конечната верзија во законот, кој ветувана од предлагачот се внесени во извештајот од комисијата за стопанство по овој Нацрт на закон, кој сите вие тоа имате.

Барањата на членовите на Комисијата за стопанство беа сосема реални, издржани и убедителни. Можеби во некој области без понаглањена фискална функција. Но, што е најважно барањата немаат никаква партиска позадина. Сите застанавме, мислам на членовите зад основните определби на законот, определби како приоритети, а тоа се:

XIII/5.-

Прво, Законот да има изразито заштитна функција.

Второ, да ја има нагласено развојната функција,.

Трето, на крај донекаде, што е и оправдано, и јас давам поддршка, да има и фискална функција. А зад овие три клучни определби стои и предлагачот, што може да се види од дел на решенија внесени во него и од образложението кон овој нацрт на закон. Во моментот за мене, најважно е однапред да се добие одговор од предлагачот на законот, на прашањето, дали предлагачот е спремен да ги прифати сите аргументирани барања од комисиите и комората, а притоа ако има потреба и да жртвува дел на планирани приходи во Буџетот за 1996 година или не. Барам во конечното решение на законот да бидат максимално присутни определбите, она што не се произведува во Републикава, а е репроматеријал, да се оптоварува со најминимални симболични царини. Она што се произведува во доволни и поголеми количини од потребите во Републикава, а и секако со признат квалитет да се заштити со максимални царински стапки. Како што во доста случаи е сторено во овој предлог на текст, а се друго кој е меѓу овие две крајности да се смести во царински стапки помеѓу овие две кои ги спомнавме, а притоа, водејќи сметка сериските стапки за резервните делови секогаш да мора да бидат со забележително помали царински стапки во однос на царинските стапки на машината каде се вградуваат. Или со други зборови царинските стапки на производите со повисок степен на изработка да бидат поголеми во однос на оние со помал , а за репроматеријалите, кои оваа земја по никакви услови не може да ги обезбеди или дообезбеди од сопствени извори, а само дел ги обезбедува, царинската стапка да биде селективна или различна, што подоцна ќе го објаснам со пример.

Со неколку зборови да се осврнам и за предложените конкретни решенија во Нацртот од обласста на агрокомплексот и во прехранбената индустрија. Мора да се признае дека во Законот со дадените решенија

за висината на серисците стапки, аграрот максимално е заштитен со секакви можни мерки, додека за некои области од прехранбената индустрија, решенијата се далеку понеповолни, па поради тоа во оваа област потребни се накнадни интервенции кои се надевам дека ќе бидат направени од предлагачот убеден, пред се од неговото искажано решение на комисијата за стопанство, а и од фактот дека за тоа се дадени најконкретни и издржани предлози и на Комисијата и од страна на Комората.

Она на што сакам посебно да се задржам во оваа област е проблемот на реалноста и оправданошаа за високите царински стапки и предложениот прелевмант за шеќерот и маслото, потоа за суровините од кои тие се добиваат и ова што ќе го речам може да важи за други стратешки и прехранбени основни производи кои се произведуваат во Републиката и тоа поаѓајќи од два интереси.

а) од аспект на интересот на индивидуалните производители

б) од аспект на интересот на преработувачката индустрија.

Да се потсетиме дека во Нацртов висината на царинските стапки за шеќерот и маслото се 25 плус додатни прелеман. Во моментов висината на прелеманите не е битна. Дали оваа стапка како заштита е доволна или не. Сега нема да давам коментар. Овде се поставува прашањето која е целта на воведувањето на една ваква релативна висока заштитна царина, зборувам пред се од аспект на преработувачката индустрија. Ако со ваква заштита се смета дека конечно во Републикава од сопствено произведени суровини ке се обезбедат по 40 до 45 илјади тони шеќер и соодветна количина на масло за јадење, колку се годишните потреби на населението и индустријата, тогаш предложеното решение е сосема оправдано и без забелешки а можеби оваа заштита треба да се размисли и да се зголемува. Но, ако во оваа држава има прецизни и сосема јасни сознанија, а мислам да ги има, односно дека во оваа земја

XIII/7.-

начисто сме дека тие количини не можат подолго време да одат целосно да се обезбедат од домашно произведени суровини, тогаш ова предложено решение за мене само,..делимично е прифатливо и е неповолно за прехранбената индустрија.

Да објаснам делимично прифатливо и да објаснам за какво решение се залагам на овој план за кој нешто и на Комисијата за стопанство пошироко образложив. Јас сум за решение да предложениот процент на царинска стапка за шеќерот и маслото и за слични на нив производи. Да остани како е дадено во Нацртов или да се прифати оној процент ако е поголем што го предложила Комората и да важи само за онаа количина на овие производи, финални производи кое произведена во претходната кампања на преработка на фабриките од домашни сировини Се додека таа произведена количина не се продаде на домашниот пазар, или превеземе од домашните потрошувачи да не се дозволува увоз на други количини. И натаму,право на увоз да има само оние субјекти кои учествувале во купувањето на оствареното домашно производство и тоа во соодноc во количините кои ќе се увезуваат како и процентот со кој учествувале во купувањето на оствареното целокупно домашно производство. И количините кои ќе се дозволуваат за увоз, на овие производи мора да бидат ограничени и усогласени со годишните потреби на оваа држава. Ако ова решение е прифатливо, тогаш за количините за кои треба да се увезуваат треба да се овозможи да се увезуваат слободно или со симболични царински стапки.

Убеден сум дека предлогов ќе биде разгледана и прифатен оти во себе ја содржи и заштитата и развојната функција по Законот и веројатно може да биде применет и на поширок круг од останатите основни прехранбени производи.

XIII/8.-

Неколку збора и за тој фамозен член 53 од царинскиот закон за кои и многумина претходни дискутанти се изјаснија кои имаат тесна врска со овој денешен закон кој го разгледуваме. Со чинот неговото укинување кој се очекува нагло ќе се влошат состојбите во најголемиот број индустриски капацитети. Тоа е познато на сите. Законов кој го носиме за кого и денес расправаме , треба и мора во најнов случај ако се укини членот 53 барем да му го обезбеди на стопанството она што го добиваше со досегашното негово користење.

Лично предлагам и односно се залагам тој натаму да остане на важност да остане во употреба уште извесен период, но со стриктно почитување на Одредбата - увоз на репроматеријали заради негови додавања, вградување во производ кој ќе се извезува а не како досега тоа се чинеше да не речам злоупотребуваше.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Пеце Стојановски.

**ПЕЦЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Со предложениот Нацрт закон за царинска тарифа во голема мера се исползувани сите инструменти со кои се обезбедува долгорочна заштеда на домашното производство. Царината покрај заштитната улога мора да биде во функција во развод односно во усвојувањата на новото производство. Во овој Нацрт закон за царинска тарифа сметам дека не е доволно земен во обѕир развојната концепција на царината. Мислам дека определени суровини и репроматеријали треба да се ослободат од плаќање од царина бидејќи тоа се помага извозената експанзија на домашното производство.

Со оваа царинска тарифа што ни се предлага денес се превземени меѓународните обврски од формализираниот систем, а исто така со оваа царинска тарифа се предлага усогласување на тој систем и со комбинираната номенклатура на Европската Унија кој исто така се заснова на програмираниот систем на имињата и шифрираните ознаки на стоките. Сметам дека ова е добро што е вака направено, бидејќи Република Македонија има желба за што потесно поврзување, односно соработка со Европската Унија.

Во новиот Нацрт закон за царинска тарифа уведени се цариски стапки на производи, репроматеријали што не се произведуваат во Република Македонија и кои беа во стапка на царина слободна. Затоа, ги предлагам следните забелешки. Вид на стока фосфат тарифен број 25-10-10 досега беше слободно, се предлага 2% да биде царинска стапка. Предлагам да си остане слободно. Калиум флорид, тарифен број 310420, досега беше слободно, се предлага 2% во новиот Нацрт закон предлагам да си остане по старо - слободно.

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Амониумсузрфат тарифен број 3102 21, досега е слободно, во овој нацрт закон се предлага 3%. Предлагам да остане по старо слободно.

Калај, тарифен број 8001-20 до сега е слободно, во во новиот Нацрт закон се предлага 2%. Предлагам да се остави по старо, слободно.

Калиум сулфат тарифен број 3104,30 до сега е слободно, во новиот Нацрт закон се предлага 2%. Предлагам да биде слободно.

Сите овие стоки што ги кажав до сега не се произведуваат во РМ и досега се на слободно. Мислам дека нема резон да воведуваме царинска стапка од 2 или 3%.

Цинков концентрат тарифен број 2608,002 во новиот царински закон се предлага 7, а јас предлагам да биде 2%, бидејќи знаеме цинковиот концентрат што се произведува во РМ е недоволен за работата на Топилницата. Принудени сме како таков да увезуваме сиров концентрат од свеските берзи по светски цени. Предлагам да биде 2% царинската тарифа.

За опеки тарифен број 6902,10 до сега е 12%, се предлага 20%. Предлагам да биде 10%. Вакви опеки нема доволно на македонскиот пазар.

Огноотпорен материјал, до сега е 10% царинската стапка, се предлага во Нацрт-законот 18%. Предлагам да остане 10%.

Отпадоци од олово, тарифен број 7802 царинската стапка е сега 5%, во нашиот Нацрт на закон што е сега на дневен ред се предлага да биде 20%. Јас предлагам да биде 3%.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Чифлиганец.

XIV/2

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, бидејќи расправаме во три фази по овој и^-те како битен закон, што рекоа колегите пратеници, фундамент на денешното стопанство и да не кажеме за оживување и развој на наредното перспективно стопанство. Се плашам, бидејќи расправаме во три фази, во првата фаза беше една Влада, втората фаза втора, третата фаза да не биде трета влада. Затоа јас општо ќе зборувам за ресорните министерства. Битно дека ние пратениците не се менуваме.

Не би сакал да повторувам, од оваа говорница се залагам членот 53 да биде во функција на стопанството односно конвертибилното извозно стопанство. Мислам дека без член 53 ова извозно стопанство што го има моментално во РМ, а можеме на една рака да ги изброиме не само претпријатијата туку и дејностите што извезуваат, со целиот амбиент, дали одговара или не одговара мислам дека не е место, ако се исклучи член 53 доста се елаборираше од сите дискутанти, нека каже една извозна организација, едно извозно претпријатие дали ќе е во состојба да извезува. Без разлика дали е од рударството, од аграрот, од текстилната индустрија и тн. Мислам дека треба ресорното министерство, Министерството за стопанство и самата царинска управа треба тоа да го анализираат.

Зошто го велам тоа, затоа што воопшто извозното стопанство не се стимулира. Кажете со која мерка се стимулира извозното стопанство? На крајот ќе се сетиме дека постои извозно стопанство, дека е неопходно да постои за економијата во РМ, ретроактивно ќе речеме 2,4, 3,6 максимум 4%, можеме да сонуваме за двоцифрени броеви.

Би сакал да ги повикам од ресорните министерства, општите правила на однесување, правила на игра да им ги кажат јавно што е

мотото што е поентата некаде има 5, некаде 10, некаде 15%, 20%, 25% па некаде и 35% царина? Господа, треба да се каже ако некаде има 5%, да кажеме зошто има 5%. Затоа што ја заштитуваме таа, таа и таа дејност или тоа тоа и тоа претпријатие или имаме вработени илјада, пет илјади, дваесет илјади или триесет илјади. Мислам дека тоа ниту ми е познато, ниту пак го добив одговорот како член на Комисијата за стопанство: Замислете каква е тоа лакрдија. 35% царина на ѕидарски тули. На секое место во Македонија можат да се произведуваат ѕидарски тули и со капитал од 20-30 илјади марки. А, имаме ние огромни гигант инвестиции кои сега да ги изградиш требаат 200-300 милиони марки, а сега, по најпесимистичка проценка вредат 50-60 илјади марки.

Како пример ќе го земам среброто. Нашите оловно цинкани рудници произведуваат сребро. Од увезениот концентрат и Топилницата цирка околу 20-30 тони се произведува сребро. Се преработува многу помалку во Македонија. Имаме 7% царина а на ѕидарските тули не говорам локално затоа што не произведувам сребро и не живеам од сребро, на ѕидарските тули имаме 35%. Објаснете ми што е тоа што ве водело.

Ќе бидам уште поотворен, не би сакал таква клима да создава има некоја индустрија и да не кажам дека се поврзува и така, што е многу помалку оптоварена, на пример ќе бидам отворен - хемиската индустрија и тн, со овие давачки, него рударството, металургијата и ред други работи.

Ако навистина зборуваме дека се дава поента заради заштиі1 на стопанството и поради развој на стопанството, а после поентата на фискалната политика, навистина тоа треба да биде на дело. Не сака да зборувам за дејноста во која се наоѓа, тука има апсурди, но тие ќе ги кажеме каде што треба и не сакам како поединци што кажуваат тој и тој

број молат дека може. Од ова место предлагам и како Комисија за стопанство, ако не секојдневно, тогаш еднаш неделно да заседаваме, да бидеме стално во врска со најодговорните субјекти да не кажам и со министрите, ресорните министри и зошто тоа го предложиме на Комисијата за стопанство? Дајте, ние сме 200 на 200 кило- метри и знаеме кое е носечко стопанство во РМ што треба да ја градиме стратегијата во наредниот период. Работни групи од самата комисија за стопанство, од стопанственици, економисти, кој повеќе,кој помалку ја разбираат оваа материја, да ги посетиме тие дејности, тие претпријатија и да кажеме што добиваме а што губиме. На лице место да кажеме што добиваме, затоа што ако е навистина така, а верувам дека е така, ако плаќал carински давачки 70 илјади долари а сега со новиот тарифни 700()илјади долари, а истото тоа претпријатие или таа дејност се бори за гол живот, по кој основ сега ние да го ставиме во еден таков неповолен амбиент за стопанисување. Тоа значи затвораше.

Покрај развојната компонента, покрај заштитната компонента би ставил една социјална компонента. Ако од буџетот издвојуваме 100-тина милиони долари по разни основи на социјала, зошто господа едно гратче, на пример постојано го потенцирам Пробиштип живее од рудникот, да речеме господо нема ни 5% ни 2% туку слободно ќе биде. Да видиме една дејност, едно претпријатие дали ќе може со сите свои повластици а по основ на зафаќање на плати и таму ваму, пак ќе даде нешто отколку да не работи. Или, текстилната индустрија. Тие десет-петнаесет илјади дајте да направиме еден експеримент. Подобро нешто да работат. Јас верувам ако член 53 не постои тие не можат да увезат репроматеријали, суровина да работата. Така што, во некои работи, има право Владата,ресорното министерство да експериментира и јавно да каже пред Парламентот и јавноста за одреден временски период да го правиме тоа. А, ќе ви кажам, тоа ќе биде многу олеснително за Владата

барем еден морален, олеснителен чин затоа што ќе каже - се што можевме направивме за таа дејност, за тоа претпријатие и во такви олеснителни околности одредено претпријатие не може тоа да го издржи. На крајот на краиштата, царинските тарифи некој вика кога ќе се донесат тешко се менуваат. Не е точно. Ако ние ја кроиме овде политиката кој повеќе кој помалку, во границите на своите можности, знаења, умешности, ние можеме Царинскиот тарифник да го ставаме секоја година пред Владата пред утврдување на Парламентот.

Затоа предлагам не знам за колку време се планира да се донесе третата фаза, но пред тоа да се донесе до Комисијата за стопанство, еве и колегата Душко како претседател на Комисијата и ресорните министерства да направиме повеќе посети на повеќе претпријатија, големи, средни и мали од разни дејности. Оние што работат со загуба, оние што работат со "златна нула", а јас не знам некое претпријатие што денеска работи во денешни услови со некој профит. Дури тогаш подобро ќе ги осознаеме состојбите и дури тогаш можеме да предложиме без да бидеме оптоварени дали сме за ова или сме за тоа.

Не би сакал ниту да ги фалам ниту да ги напаѓам има доста направено во Царинскиот тарифник но она што сите го потенцираат денес треба што побрзо и подобронамерно да се сфати. Ниту една дејност ниту едно претпријатие не е ставено во поповолна состојба отколку што сме денес. Фактите, бројките зборуваат дека ниту едно претпријатие нема што да му земеш па пак да остане живо.

Од тие причини и како пратеник и како член на Комисијата за стопанство и како стопанственик предлагам да се симнеме во претпријатијата и да ги анализираме на лице место и да бидеме конкретни во наредниот период.

XIV/6

Барам одговор зошто некаде има 35, некаде 5, некаде 10%. Тоа не може. Зарем ќе дозволиме стопанството поради распоред на луѓето, ако сме ние сега во Парламентот, дајте, сега ќе биде во поповолно. Да мериме на една апотекарска вага што добива буџетот, што добива стопанството, што добива државата. Ако ниту буџетот добива ниту стопанството и сеповеќе безработица мислам дека тоа не е во ред. Како што е направено за аграрот, можеби треба уште порадикално, да го направиме тоа и за тутуновото производство, да го направиме тоа за извозните претпријатија, а фала богу тоа е и стопанството на Република Македонија.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, јавноста цел ден не слуша никој не се сетивме да ги поздравиме нашите македонци со нашиот велигденски поздрав Христос Воскресе.

Законот за царинска тарифа што треба да се донесе во текот на оваа година покрај сите стопански субјекти со посебно внимание го очекуваат и нашите земјоделци, нивните партнери што го откупуваат селско стопанското производство и партнерите што работата на снабдувањето со разни репроматеријали, машини, трактори и се што треба да се организира едно современо земјоделско производство. Мислам на прашањето зошто се очекува со нетрпение овој закон се знае. Затоа што со овој закон се очекува да се заштити домашното производство на храна од претераниот и неконтролиран увоз на храна од сите страни на Европа и светот со што македонското производство не само што ќе ја добие бараната сигурност за работа, туку за кусо време ќе

биде оспособено да ги задоволува скоро сите потреби од храна на државата, да стане средина за вработување на дел од невработените работници и стечајни работници и на крајот да се стопираат сите неповолни процес) со миграцијата и емиграцијата, односно со бегањето на нашите луѓе од селото во градот или надвор од границите на нашата држава.

На прашањето како во изминативе години од нашава самостојност се штитеше македонското селскостопанско производство од увозот на храна има многу одговори. Колку што има производи земјоделски толку има и одговори. Се увезуваше се и сешто и покрај тоа што имавме евтино и квалитетно домашно производство на храна што по ништо не се разликуваше од светските стандарди на храна. Да се потсетиме на многуте увозни неправди што на нашиот аграр му беа нанесени во текот на ланската година.

Ова ќе го кажам затоа што сметам дека тие повеќе нема да се повторат.

Лани, жетвата на пченицата почна со залихи од 22 илјади вагони пченица, а житните полиња ни родија уште близу 40 илјади вагони. Меѓутоа, и покрај овие 62 илјади вагони со стара и нова пченица, во ноември падна нова владина одлука за увоз на уште пет илјади вагони пченица. Значи, и покрај тоа што имаше жито за две години пак се увезе ново жито.

Епилогот од овој увоз е познат. Домашната пченица тешко се откупуваше и уште потешко се исплатуваше. За жал, денес се уште не е исплатена. Минатата година се собрани над 15 илјади вагони пазарни вишоци на јачмен. Грото од овие количини и денеска чекаат пласман, а господата од Скопје увезуваат пивски јачмен за потребите од каде ќе стигнат. Увозот на млеко во прав и млечни производи го отежна

пласманот на домашното производство и ги стопира плановите за поголемо производство на овие производи во нашава држава. Битола, подолго време господо не знае што да направи со млекото. Не знае ни што да направи со тетрапак млекото што почна да се произведува пред извесно време и е рамно по квалитетот на сите млека што се увезуваат од страна. Увозот на масло за јадење, сурово масло во 1993 и 199 4 година и увоз на поголеми количества сончоглед се знае до каде го донесе домашното производство на сончоглед. Пак за пример ќе ја посочам мојата општина Битола. Приватните земјоделци од битолскиот дел на Пелагонија до неодамна произведуваат од пет до седум илјади и петстотини тони сончоглед. лани ожнеаја само 500 тони односно 12-13 пати помалку во споредба со просечното годишно производство на сончоглед. Од претераниот увоз на говедско, свинско и јунешко месо нашите сточари, господа, не можат со години да кренат глава. ВО говедарските фарми се помалку се врши гоење на говеда, а домашните свињи се уште нема кој да ги купи.

Господа пратеници, се додека во нашава држава постои мислење дека нашиве сточари не можат да произведуваат доволно говедско и свинско месо за потребите на државата и тоа мора да се увезува овие сточарски гранки не може да имаат ниту добра иднина, ниту добра перспектива. Свинско и говедско месо можеме да добиеме од сопствените фарми само тогаш кога ќе се создаде ред во неговиот увоз:. Кога со царини и други давачки ќе се заштити домашното производство. Ајде,да дадеме шанса на нашите говедарски и свински фарми, за две години можат да го решат проблемот со месо за потребите на нашата држава.

Натаму, нашава држава со години на ред со живинско месо се снабдува од увоз, од каде ќе стигне. Дури од Америка се носат пилиња и

XIV/9

мисирки. До кога ќе трае оваа политика? Кога покрај јајцата што ги имаме за извоз ќе почнеме да произведуваме и бројлери за живин ск месо? До кога на словеначките селани ќе ги палнеме џебовите со девизи, а нашите селани ќе седат без работа и не ќе можат да обезбедат една мала егзистенција во своите средини? Срамота е на прагот на XX1-от век да немаме организирано производство на бројлери и со живин со месо да се снабдуваме од увоз.

XV/1.- ДВ-ВБ

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (продолжение)

Имам сознание дека нашиот недостиг на живинско место изнесува околу 10 илјади тони годишно. Знаете ли колку девизи се строшат само за живинско месо.

Инаку постојаниот недостиг на млеко, според некои показатели, изнесува околу 36 илјади тони, говедско месо над 7 илјади тони, а свинско месо близу 4 илјади тони. Од овие количини на месо се задоволуваме само преку увоз.

Друго, минатата година при домашно производство од близу 570 милиони парчиња јајца, од кои половината беа вишок и фармите не знаеја кој пат да го фатат со нивниот пласман, пак е извршен увоз на јајца. Овој пат му е даден еден тежок удар на македонското живинарство.

На прашањето дали ако во изминатиот период постоеше соодветен царинска заштита за домашното производство на месо од говеда, свињи и живина, на млеко, масло за јадење, пченица, јачмен, шеќер и ред други производи, денес ќе ги имавме овие лоши состојби во производството на овие производи. Сигурно не. Ќе имавме многу повеќе од оваа храна, отколку што имавме денес. Меѓутоа, што било поминало, сега да гледаме овие грешки да не се повторат повеќе во наредниот период. Всушност предлагачот на Нацрт-законот за царинските тарифи јавно признава дека во изминатиот период земјоделското производство немаше соодветна царинска заштита и затоа сега предлага знатно зголемување на стапките на царината.

Со предложените царински стапки во износ од 25 + посебна царинска давачка за млеко и млечните производи, потоа царинска стапка од 40% + посебна давачка за јајцата, со царинска стапка во износ од 60% + посебно давачка за увоз на јаболка, круши, дуњи, кајсии, праски вишни, грозје. Потоа со предвидената царинска стапка за увоз на пченица во износ од 20% + посебна царинска давачка . Потоа стапката од 25% за

сончогледот. Со царината за увоз на шеќер во износ од 25% + посебна царинска давачка, или пак со доста добрите царински давачки што треба да бидат преземени на тутунот, сметам дека земјоделското производство ќе биде добро заштитено од увозот на разни земјоделски производи од надвор.

Нашиот аграр ќе има царинска заштита слична на Европската заедница. Преку неа сигурно аграрот ќе ја добие очекуваната сигурност за работа и инвестициони вложувања.

Во битолско сегашните близу 100 илјади литри дневно производство на млеко, за година две може да се дуплира. Но, бидејќи нема сигурност во откупот, сточарите тешко се решаваат за проширување на своите мини краварски фарми.

Напоредно со зацртаната царинска заштита на земјоделското производство, за да се дојде .до саканата цел за производство на доволен храна за домашниот пазар и извоз на странски пазари, на истоштениот аграр и се потребни и соодветни царински олеснувања, при увозот на разни репроматеријали, машини, трактори, резервни делови, тракторски гуми, приплоден добиток, семенска стока и се што му треба за организирање на едно современо селско стопанско производство, односно олеснување или слободен увоз за се што им треба на нашите земјоделци, а се она што не се произведува во нашата држава. На овој план мислам неоправдано е за земјоделските трактори да постојат царински давачки иако се мали, изнесуваат само 2%. Неоправдани се и предвидените ца- рини во износ од 10% за браните, тањирачите, култиваторите, потоа за растурачите на минерални ѓубрива за сеалките и садачките, или да имаме царина за балирачките за сено и слама, за комбајните за живото, машини за подготвување на добиточна храна, за плугови, за надворешни и внатрешни тракторски гуми, за апарати за молзење и што не. Кога овие машини ќе се произведат во нашата држава нека има царини по желба на тие што ќе ги произведуваат. Сега додека

да ги добиеме од домашно производство да не се плаќаат царини на овие машини.

Понатаму се предлага царинска стапка од 16% и за рачниот алат: лопатите, вилите, мотиките, гребалата. Нели оваа ставка е превисока. Господа, со овие алати работат селаните и работниците и мислам за нив не треба да постои никакви царински давачки.

За меласата која претставува основна суровина за производство на квасец и шпиритус, се предлага царина од 13%. Се залагам меласата да биде ослободена од царина. Инаку со предложената стапка нашата индустрија за производство на квасец и шпиритус од Битола, не ќе може да ја задржи конкуренцијата на домашниот и странскиот па- зар.

Понатаму оправдани се и предлозите за царини на приплодниот добиток. Досега царинските давачки за увозните крави беа превисоки. Стигнаа преку 25%. Со ѕидаше на какви не давачки кон државата увозните крави на нашиот пазар достигнаа цена од 3.500 ДМ по грло. Што е многу е многу. Со ваква давачка нема развој на нашето краварство и обезбедување доволно млеко од нашиве полиња.

Предлогот за увоз на приплодни крави и свињи е да не се дава никаква давачка за овој добиток.

На крајот го поддржувам овој нацрт закон за царините со една друга забелешка. Кога ќе се носи, со многуте претставници од Владата што ќе бидат присутни во донесувањето на овој закон, да биде присутен и министерот за земјоделство, г-динот Никола Паракеов, бидејќи царинската тарифа се однесува и на една област од земјоделството без која навистина не можеме.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со осамостоју- вањето на Република Македонија бројни беа приоритетите, незапослу- вајќи го притоа и проблемот на пропишувањето на националните стапки

Но, поради значењето, сложеноста и обемноста на процесот на заштитата на производството, процесот на заштитата на планското управување споро се потиснува од економските простори на РМ. Значи нашето стопанство се уште функционира во услови на степен на заштита со планско управување.

Имајќи предвид дека царинската тарифа треба да претставува инструмент за заштита на стока, пред се од домашно производство и како такво да овозможи соодветна царинска заштита, сакам да потенцирам, ако воедно не се овозможи спроведување на други видови мерки за заштита кои спаѓаат во групата на нецарински мерки, тогаш со царинската тарифа не може да се очекува остварување на комплексна функција и нејзин придонес во трговската размена би бил конвенционален.

Поаѓајќи од општите услови на стопанисување, надворешното опкружување, воспоставениот модел на трговска размена структурата на стопанството, очекуваното ниво на производството, процесот на репродукцијата како и степенот на заокруженоста на стопанскиот систем сакам да нагласам дека динамиката на увозот и извозот во многу зависи од квалитетот на водењето на заштитната политиката и димензионирањето на висината на царинската тарифа.

Со воведувањето на соодветна заштитна политика, со примена на политика на користење на контингенти и компензациони работи со странство, како и со примена на други видови на мерки, постојано мора да се создаваат подобри услови за увоз на суровини пред се репроматеријали и опрема, поготово тоа треба да се прави према извозните претпријатија, бидејќи само со примена на применлива царинска тарифа не може да се очекуваат остварувања на значајни ефекти во стопанството. Со оглед на тоа дека нашите претпријатија како стопански субјекти нема да ги користат погодностите од член 53 од

XV/.-

Законот за царина и погодностите на претпријатијата што ги имаат претпријатијава во европската унија, стопанските претпријатија ќе бидат изложени на остра конкуренција, при што вредноста на извозот на самата унија ќе биде занемарлива. Оттука стопанствениците поради конкурентноста на стопанството, не запоставувајќи го при тоа, и државниот интерес на РМ, оправдано го поставуваат прашањето на успешното санкционирање на член 53. Со тоа не значи дека членот 53 од Законот за царини се инсистира да изостане. Но со примена на пониски стапки во делот на суровини и репроматеријали одредени односи можат да се избилансираат во процесот на заштитата. Според тоа со нацрт законот за царинска тарифа по хармонизиран систем, усогласен со заедничката царинската тарифа на Европската унија, се овозможува примена на флексибилна заштита што и на прв поглед може да се види од пропишаните различни царински стапки според степенот на изработката на производите. Но, имајќи го предвид, пред се, развојот на процесот на репродукцијата на македонското стопанство може да се забележи дека суровините, репроматеријалите, па и опремата која не се произведува, или се во недоволна количина, се со пови- сока царинска стапка од практичната реализација на член 53. Тоа не значи и значи дека за стопанството, практично, имаме дополнително оптоварување. За таа цел, а во интерес на остварување на процесот на репродукцијата, добро би било најниската стапка на суровини кои се произведуваат во нашата земја, да изнесува до 2%, а суровини и репроматеријали кои ги нема во доволни количини, ви- сината на царинската стапка да не е поголема од 5%, а за опрема стапката да не е поголема од 8%. Додека кај доработките и оплеменувањето , тарифната стапка да не е поголема од 5%.

XV/6.-

Во оваа прилика, заради обезбедување на повисок степен на усогласеност на висината на тарифните ставки практичната применливост на членот 2 и другите видови на нецарински стапки, Комисијата за стопанство во два наврати расправаше по нацрт законот за царинска тарифа, при што потенцира: забелешките, сугестиите и одредени предлози кои се содржани во извештајот на Комисијата за стопанство, во оваа прилика не би сакал да ги издвојувам, но поради создавање на услови за повисок степен на усогласеност на Законот за царинска тарифа Комисијата за стопанство укажува на следното:

1. Добро би било забелешките кои беа презентирани на Комисијата, од страна на стопанската комора да бидат земени како укажувања, односно да бидат начелно укажување на Комисијата за стопанство до меѓуресорските органи;

2. Добро би било во наредниот период и во услови на постојниот коморски механизам да се организира расправа на спротивставени интереси на стопански субјекти каде предмет на расправа ќе биде пред се нацрт на закон за царинска тарифа со досегашните укажувања;

3. Во подготовката на последната фаза од донесувањето на овој закон, надлежното министерство откако ќе го подготви предлогот на законот, пред истиот да биде утврден од Владата, да го достави до Комисијата за стопанство заради негово разгледување.

Со донесувањето на овие заклучоци сакаме да укажеме дека би било добро законот за царинска тарифа да влезе во собраниска процедура, се со цел да се постигне повисок степен на усогласеност на царинските ставови, се со цел да се амортизира и реалната конечна расправа да се сведе во едно разумно ниво.

Поаѓајќи од тоа Комисијата за стопанство му предлага на Собранието да го разгледа и да го усвои нацрт законот и да оцени дека е потребно Владата да подготви и на Собранието да му достави Предлог

на закон за царинска тарифа, при што предлагачот да ги има предвид и укажувањата и забелешките на Комисијата, како и искажувањата на поодделни поголеми стопански субјекти.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници на кратко прво би се задржал на оддел I глава I - живи животни, од причина што во нашата земја голем дел од сточарските фарми што се изградени и опремени за тов на јуниња односно бикови, речиси, се сосема празни. Основната причина за тоа е , покрај високата цена на сточната храна и недоволната домашна продукција на телиња за почетен тов, а од увоз набавката е исклучително ретка и речиси воопшто неможат да се увезат јуниња со тежина до 300 кгр. Затоа предлагам кај тарифен број 0102, под броеви од 902100, 902900, 904100 904900, да стои, од сегашните предвидени 16 +5 царинска основица, да стои 7+'5. Оваа царинска стапка од 7% да важи за јуниња наменети за понатамошен тов, што ќе биде попратена со документација предвидена со другите важечки законски прописи.

Во оддел II глава VI, тарифен број 0602, 9000 е потребно да се разложи и на посебна тарифна стапка - мицелиум, со оглед на тоа што во РМ производството на шампињони е во постојан подем, а мицелиумот како семенски материјал за нивно производство не се произведува во Републикава. Затоа предлагам царинската стапка - слободен увоз, наместо предложената стапка од 7%.

Во глава X - жито, тарифен број 10040090 - овес, е предвидена царинска стапка од 13%. Предлагам да стои 7%, како и за семенски овес, од причина што во РМ не се доволно произведува семенски овес, ниту пак во доволни количини меркантилен овес.

Од житата е предложено зголемување стапка на царина.

XV/8.-

Исто така и кај оризот е извршено зголемување на стапката на царина на 60%, што директно ќе придонесе до значително зголемување на оризопроизводството во нашата земја.

Досегашното недоволно ниво на заштита на овој исклучително важен производ за РМ, придонесе последните три до четири години,од земја извозничка на ориз, да станеме земја увозничка на ориз.

Јас би сакал да укажам на можните аномалии и злоупотреби околу можниот увоз на кршен ориз, обележен со тарифен број 100640 , со царинска стапка од 25+5.

Предлагам за кршениот ориз со тарифен број 1006400010-уфак, наместо 25+5, да стои 40+5, што по мое мислење на некој начин ќе се придонесе да се избегнат аномалиите при евентуалниот увоз на "кршен ориз".

За успешен развој на земјоделското производство, во смисла на намалување на цената на чинење на земјоделските производи, значајна стапка се и трошоците за набавка на заштитни средства: инсектицид фундициди, хербициди и родентициди.

Јас почитувани пратеници морам да укажам дека 90% од заштитните средства што се користат во нашето земјоделие се исклучително од увоз, а само 10% се произведуваат во РМ и за овие 10% од заштитни средства, активните материи се од увоз. Затоа предлагам за производи односно заштитни средства што не се произведуваат во РМ, царинската стапка од 20% да се намали на 7% и тоа тарифен број 380810-инсектициди, да стои, од предвидените 20, на 7%, со поттстапките 2 0 90.

Исто така тарифниот број 380820-фунгециди, со потстапките од 0220029 и 0090, исто така од предвидените 20% на овие фунгициди, да се намали царинската ставка на 7%.

Хербицидите со тарифен број од 380830-готови препарати, под бројот 1021, врз база на ЕПТЦ-тријазин, глифосфатна киселина, царинската стапка е предвидена да бидат 20, предлагам да се намали на 7%.

XVI/1.- СП-ВБ

**ИЛИЈА КАРОВ:** (продолжение)

Исто како и поставките 1029 и 301090 да се намали од 20 на 10.

Средствата против р"тење , средствата за регулација на растежот на растенијата, средствата за дезинфекција родентицидите и др. за кое е предвидена царинска стапка од 10, предлагам да се намали на 7%.

Пестицидите како репродукционен материјал во најголем дел се неопходни во земјоделското производство за заштита на растенијата од болести, штетници и плевели и претставува значајна стапка од трошоците, па затоа предлагам намалување на царинската стапка за да не дојдеме во ситуација на нашиот пазар земјоделските производи да се продаваат по значително повисоки цени од сегашните. Овој предлог е во согласност со точка 2 од изнесените критериуми во образложението од овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Последен дискутант, г-динот Паунов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Господине претседателе, дами и господа, Јас прилично порано се пријавив, мислев дека сум на списокот, меѓутоа, по се изгледа не ме видел претседателот, друго не би рекол. Меѓутоа, доста од мојата дискусија беше веќе кажана и јас обично не би сакал да повторувам она што е кажано, па ќе се обидам нешто да кажам од она што не е кажано.

Повеќе пати поставува прашање кога ќе се донесе Законот за царинската тарифа. Еве дојде прва фаза, дојде и втората фаза. Меѓутоа, во Законот во првата фаза како Предлог-закон до втората фаза Нацрт-закон за царинската тарифа има голема разлика што мислев дека би

требало овие работи да бидат изнесени од министерот како би можеле да ги сфатиме зошто се таквите рапидни разлики, на што се однесуваат.

Гледајќи ја суштината, содржината на Законот, а имајќи го предвид какво е денеска, што претставува Законот? Дали е фискал: давачка? Не. Зошто? Па не се увезуваат стоки, не можат да се продаваат, нема средства за увоз. Значи не е тоа. Средствата се мали, поправо ќе бидат мали, не подмирува никаква обврска. Дали овој закон претставува заштита на домашното производство? И тоа не. Делумно претставува, суштински целосно не. Дали овој закон претставува развој на стопанството? Ми се чини дека тотално не. Па, од овие причини мислам дека треба Владата повторно, да не заборавам тоа да го кажам, да се објави во средствата за јавно информирање како на пример во "Нова Македонија" да биде приступачен на сите субјекти кои можат да придонесат за поквалитетно донесување на Законот и на некој начин да се најде место и време во општините да се повикаат субјектите и во општините да се расправа по оваа материја, а најдобро ќе кажат стопанствениците. Јас ве уверувам ако е во функција на развојната политика можеби прва, втора година средствата ќе бидат нешто помали од царинските приходи, меѓутоа, наредните години ќе бидат многу повеќе затоа што ќе се овозможи на стопанството да работи, а притоа ќе можат да се вработат прво, враќање на технолошкиот вишок, враќање на стечајните работници и како што реков ново вработување така што и фондовите ќе бидат зголемени како што се Фондот за здравствено осигурување и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување како и персоналниот данок и другите даноци ќе бидат зголемени на некој начин како и извозот така што ќе може да се овозможи поголем прилив на девизи за увоз на опрема.

XVI/3.-

Ако направиме една анализа во изминатите 15 години што е увезено, а поготово последните 10 години и последните 5 години откако се бараше да се изврши измена односно донесување на овој закон за царинските тарифи колку опрема е увезено, кои основни средства, кои капацитети се изградени. Ќе констатираме дека капацитетите се намалени, оние капацитети кои беа во функција тие не можат да бидат во функција поради немање на суровини, на резервни делови така што стопанството на некој начин е многу оштетено.

Кога се работи за земјоделието ние донесовме заштитни мерки за земјоделието. Меѓутоа, каква е состојбата? Пченицата од минатата година се уште не е платена на граѓаните. Со истите пари се увезува друга пченица од увоз и брашно, а кога ќе добијат граѓаните? Тука се прави уцена. Ако беше откупната цена 10 денари и 2 денари премија тие добија по 8 денари, некои по 7 денари без премија и се уште не е платена.

Ист е случајот со шеќерната репка, ист е случајот и со сончогледот од тие средства што граѓаните го предадоа сончогледот и шеќерната репка средствата не ги добија, туку со тие средства се откупуваат други количини од увоз на товар на граѓаните. Мислам дека се прави голема неправда спрема граѓаните производителите и дека немаме сигурност и немаме заштита на земјоделското производство.

Мислам дека треба да се изнајдат најадекватни решенија опремата, репроматеријалите и резервните делови да бидат ослободени поготово она производство што го немаме кај нас, немаме кого да штитиме, на пример увоз на автомобили. Од кого го штитиме, зошто воведуваме царина? За таквите возила треба да бидат ослободени 100% затоа што ќе се користи нафта односно бензин, уље и други резервни делови за приватна употреба така што ќе биде надокнадена царината од

овие давачки од даноците и царината на горивото и мазивото ќе имаме повеќе средства во буџетот отколку што забранува] прво, високи царини не можат да се купат, а кој има возило сите можни средства ќе ги одвои да ги даде за нафта и бензин, доколку ги има. Притоа ќе се овозможи производите од нивите, производството ќе бидат пренесени на пазарите, па граѓаните ќе добијат поевтини земјоделски производи. Треба да се размисли околу ова и да не одиме на високи царински стапки на она што не се произведува во државата Македонија.

Кога сум тука би сакал да кажам една препорака крајно време е да се формира на ниво на Републиката како државна управа за истражување и испитување на пазарот мислам на домашниот и странскиот, па да ни предложи кои производи треба да се произведуваат во Македонија поготово кои 50% ќе се потрошат во Македонија, а 50% во извоз. Имаме од сите струки кои ќе го испитаат пазарот и ќе може да се обезбеди побрз развој на стопанството, а со тоа сигурно ќе бидат поголеми и царините и буџетот и фондовите ќе имаат повеќе средства.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Збор побара и г-динот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Свесен за забелешките што ми се направија ќе кажам само две реченици. Како сите што бараа за своите подрачја и јас барам за моето подрачје производно подрачје Дебар.

Што се однесува до семенската луцерка, тоа го кажав и на Комисијата сега го повторувам овде, да биде ставена поголема царина од причина што дебарското подрачје е познато производно подрачје на семенска луцерка и би било добро најпрвин тоа да се собере како што

предлагаме и сме предложиле во Нацрт-законот за ова производство и другите култури и таа да биде претходно собрана па потоа да се увезува и

Второ, гипсот. Гипсот е исто така производ кој е ставен под царина со стапка од 20%, јас предлагам максимум како и за другите производи тоа да биде 25%.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Министерот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван господин претседателе, почитувани пратеници, ќе бидам сосема кус прво, сакам да ви се заблагодарам, навистина ова го кажувам без куртоазија за трпеливоста што ја покажавте и за вонредно содржајната дискусија и многу конструктивните предлози. Мислам дека добар дел од овие предлози можат сериозно да се простудираат и да најдат место во Законот. Меѓутоа, исто сакам да укажам на неколку моменти. Вие сите знаете и самите констатиравте дека станува збор за еден многу комплексен закон и дека реално фактички е многу тешко на оптимален начин да се искомбинира заштитната, развојната и фискалната функција во оваа ситуација од проста едноставна причина што некогаш развојната и заштитната функција како што и сами забележавте во дискусијата одат заедно, но некогаш се во колизија и се исклучуваат. На пример, ако сакате развој на некоја гранка можете, ако е млада, на почетокот да направите поголема заштита и тоа ќе биде во ред, но ако претерате со заштитата ќе ја убиете развојната компонента, бидејќи овој што премногу го штитите ќе заборави да работи. На други места развојната функција оди сосема на друга страна и бара ослободување комплетно или многу ниски царински тарифи, како што е случајот со опремата, треба да ја ослободите за да можете да направите технолошка ревитализација на стопанството.

XVI/6. -

Сето тоа да се вклопи на едно место мораме да бидеме објективни, да признаеме дека не е така едноставно и не можеме да бараме идеални соодноси помеѓу сите овие функции.

Другата работа на која сакам едноставно да укажам и мислам дека е многу значајна и тука амбициите исто така треба да ни бидат реални тоа е фактот дека комплетно усогласување кај вакви закони не е можно, вие сами знаете колку имаме гранки и групации во стопанството. Зад секоја гранка, зад секоја групација одете подолу за секое претпријатие лежи конкретен економски интерес. Еве ги гледате дискусиите овде како одат и ќе видите колку се конкретни интересите, колку интересите се често пати побудувани директно од самото претпријатие и еден таков интерес е автоматски во колизија со интерес на друго претпријатие,на друга групација, така што во Комората треба да имаме илузија дека ако одиме особено по групации на усогласување дека тоа ќе го направиме, секоја групација во основа го штити сопствениот економски интерес. Претседателот на Комората Душан Петрески кажа, тоа беше предлог на нивната комисија и тоа е во ред, нека биде унакрсна дискусијата на Комората, нека седнат претставници од различни гранки и групации малку да разменат мислења и да се обидат колку е можно да дојдат до нешто што ќе биде горе-долу прифатено за стопанството и на крајот на краиштата Владата ќе мора да води сметка за стопанството во целина и ќе мора главно од тој принцип во основа да се раководи.

Сакам да кажам еден друг момент кој, како да се нема доволно во предвид. Ако го гледаме непондерираното оптоварување на стопанството во овој момент во постојниот царински тарифник тоа е фактички не 14,15, туку 26,5% затоа што не смееме да заборавиме нецаринските давачки 7,5% + 7,5% тоа е 15%. На секоја царинска стапка се додаваат + тие 15% така што имаме 25,6 дефакто, а со овој предлог каде се комплетно елиминирани тие, гледате не постојат повеќе

нецаринските давачки, бидејќи не се во согласност со она што се интенции на европски стандарди. Тие се елиминирани така што сега непондерираното зафаќање на стопанството паѓа на 14,15%. Сега ако гледате индивидуално некоја основна царинска стапка е поголема отколку што била порано, но ве молам не заборавете дека немаме 7,5 + 7,5%. Имавме оптоварување под 15% на секоја позиција, на секоја позиција плус.

Само уште ова да кажам околу членот 53. Видете, некој рече тој фамозен член и навистина е фамозен, реалната, фактичката состојба во стопанството на Република Македонија сега е таква меѓу другото благодарение на тој член од 3 до 4 пати повеќе ослободуваме од царини отколку што наплаќаме. Тоа е еден факт, еден аргумент кој не можеме да го објасниме и пред меѓународните експерти, а луѓето што малку теоретски се занимаваат со економија знаат дека и таквото ослободување односно такви масовни ослободувања немаат никаква врска со пазарната економија. Напротив, тоа прави страшни дисторзии на пазарот оти во основа ги става стопанските субјекти во нерамноправна положба на самиот старт. Знам дека кај некои од пратениците нема да им се допадне ова, меѓутоа, да зборуваме со факти, да зборуваме со аргументи. Згора на тоа заради манипулирање со тој увоз заради извоз, јас ќе бидам многу отворен, бидејќи добар дел од вас сте стопанственици и тоа го знаете што ни се случува нам? Тие ослободувања кога ќе појдат во вистински раце кај претпријатијата кои дефакто извезле,тоа е во ред пак ќе појде во стопанството, меѓутоа, тие се слеваат и кај субјекти кои не извезуваат ниту една стока надвор така што тука имаме еден страшен негативен ефект на редистрибуција на доход таму каде што не треба да појде и тоа исто така е факт, меѓутоа, исто е и дека нема извоз Ванчо или кој зборуваше тука и другите пратеници ако членот 53 сега го укинеме, а не интервенираме во другата

сфера, јас апсолутно со сите се согласувам, а мислам дека тоа беше констатација на најголемиот број на дискутанти дека многу високо ни се поставени царините и стапките на суровините и репроматеријалите. Јас мислам дека до 5 до 6% треба да биде максимум, а не да одиме поготово за оние суровини кои не се произведуваат доволно. Сега тука ќе имаме еден друг проблем, но и за тоа ќе се договараме. Како и покој критериум ќе направиме за која гранка колку да биде. Може да се земе на пример ако текстилот има големо учество или некоја друга гранка таму да биде пониска стапката кај други повисока можеби унифицирано со некоја прифатливо ниска стапка за сите, но тоа се дилеми со кои ние реално сме исправени и ќе разговараме и ќе прифатиме.

Да не должам, бидејќи навистина го почитувам вашето време и вашата трпеливост пак велам без куртоазија имаше многу конструктивни предлози и еве јас ви ветувам и ве уверувам дека до крај ќе бидеме внимателни со сите нив, ќе ги разгледаме и ќе гледаме сите значајни и битни промени што овде се предложени да најдат место во законот и јас ве молам тој понатаму да продолжи во процедура.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува Нацртот на закон за царинска тарифа.

Второ, Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на Работните тела забелешките на пратениците Теодосие Паунов, Љубомир Чадиковски и Фаик Абди, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието и забелешките на пратениците и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ да се достави на Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Кој е за, предложениот заклучок, молам, да крене рака.

61 пратеник гласаа за.

Дали е некој против ?

2 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

Еден пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок

Минуваме на **точка 9** - Избор на судии на апелационите судови во Битола и Штип.

Предлогот на Републичкиот судски совет ви е поделен.

Отворам претрес, молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на гласање.

Предлогот магистер Илија Адамовски, да биде избран за судија на Апелациониот суд во Битола, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

64 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласан»е? (не)

Констатирам дека магистер Илија Адамовски е избран за судија на Апелациониот суд во Битола.

Предлогот Боге Илиев да биде избран за судија на Апелациони суд во Штип, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

62 пратеници гласа за.

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Боге Илиев е избран за судија на Апелациониот суд во Штип.

На избраните судии им го честитам изборот и им посакувам успешна работа.

Минуваме на **точката 10** - Предлог на одлука за огласување избор на претседатели на Апелационите судови во Скопје, Битола и Штип.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам,кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор?' (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на предлогот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање

Кој е за, молам да крене рака.

62 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување н избор на претседатели на Апелационите судови во Скопје, Битола и Штип.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 18,10 часот.)